Меѓународен Славјански Универзитет

„Гаврило Романович Державин“ - Битола

Правен факултет

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

Меѓународно право, право на ЕУ и дипломатија

ТЕМА: МЕЃУНАРОДНИТЕ ПОЛИТИЧКИ ОДНОСИ НА РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА И РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

-магистерски труд-

Ментор: **Кандидат:**

Доц.д-р Емилија Ицкоска **Севим Ајазоска Ергувен**

Битола, 2022

ИЗЈАВА ЗА ОРГИНАЛНОСТ НА ТРУДОТ

Јас, Севим Ајазоска Ергувен, студент на втор циклус студии на студиската програма Меѓународно право, право на ЕУ и дипломатија, со број на индекс М207008, изјавувам дека поднесениот магистарски труд под наслов „Меѓународните политички односи на Република Турција и Република Северна Македонија“е мој самостоен труд кој што е резултат на самостојна научна работа.

Јас Севим Ајазоска Ергувен , ги почитував позитивните законски прописи од областа на интелектуалната сопственост и авторските права и не користев делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди.

Кандидат

Севим Ајазоска Ергувен

СОДРЖИНА

ВОВЕД 7

1 ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ 9

- Предмет на истражување 9
- Цел на истражувањето 10
- Хипотетска рамка на истражување 10
- Методологија на истражувањето 10
- Истражувачки дизајн 13
- Релевантност на методот за емпириско истражување 13
- Собирање на податоци 14
- Лимитираност и етика на истражување 15
- Карактеристики на примерок 16

2 МЕЃУНАРОДНИТЕ ПОЛИТИЧКИ ОДНОСИ НА РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА И РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 18

- Меѓународните политички односи на Република Турција и Република Северна Македонија 18

2.1.1 Еклистичен аспект, историски развој на Република Турција односно Османлиската Империја и нејзините први зачетоци на Балканот и Македонија 18

- Легалистичен аспект, нормативните аспекти на настанување на Република Турција 27

2.2.1 Историја на министерството на надворешни работи во Република Турција 31

2.2.2 Меѓународните политички односи на Република Турција и Република Северна Македонија (1991-2021) 33

2.2.3 Економски аспект 33

- Моралистички аспект – рамка на движење на меѓународните односи на Република Турција и Република Северна Македонија 35

3 МЕЃУНАРОДНИТЕ ПОЛИТИЧКИ ОДНОСИ НА РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА НА БАЛКАНОТ 35

- Осврт на Меѓународните политички односи на Република Турција на Балканот (1991-2021) 41
- Економски аспект 42

4 БИЛАТЕРАЛНИТЕ ОДНОСИ НА РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА И РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА 45

- Економски односи 45

- Образование и култура 54
- Билателарни односи од политички аспект 59
- Население 62

5 РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ 64

- Анализа на податоци 64
- Евалуација на резултатите од квалитативното истражување 64
- Резултати и дискусија од истражувањето 66
- Хипотетската рамка која се анализира во овој труд е следната : 68
- Анализа и интерпретација на податоци 68

6 ЗАКЛУЧОК 84

7 ПРИЛОГ 88

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 90

ЛИСТА НА ТАБЕЛИ

Табела 1: Земји со најголем обем на трговска размена со Република Северна Македонија (Увоз)

Табела 2: Земји со најголем на трговска обем на размена со Република Северна Македонија (Извоз)

Табела 3: Трговска размена со Република Турција (по години)

АПСТРАКТ

Во рамките на овој магистерски труд се обработуваат македонско-турските меѓународни политички односи, при што истите се опфатени за анализа од повеќе аспекти: политички, економски, социо-културен и образовен аспект. Станува збор за односи кои бележат долга историска традиција, но со истото темпо се развиваат и во современа рамка на делување.

Република Турција е земја која поддршката кон Република Северна Македонија ја покажува неспорно во континуитет долг период, од осамостојувањето на земјата. Во таа насока се посочува дека Турција е помеѓу првите земји кои ја признаат уставотворноста на земјата. Овој позитивен однос на соработка, се повеќе доаѓа до израз во последната деката кога турските инвестиции во земјата бележат особен пораст и истите се поддржани од страна на јавноста

Во рамките на овој труд е спроведено квалитативно емпириско истражување. Истото е спроведено со дистрибуција на прашалнк за интервју до целна група на испитаници, односно репрезентативен примерок од вкупно 50 испитаници, (експерти, дипломати, универзитетски професори, јавни функционери), со цел да се увиди нивниот став во врска со посочената проблематика, односно разбирањето на меѓународните политички односи и ниво на стекната соработка помеѓу Република Турција и Република Северна Македонија.

Во однос на методолошката рамка, во трудот се применува метод на анализа на содржина, метод на компарација, метод на синтеза, метод на генерализација и спецификација. Хипотезите кои се декларирани во магистерскиот труд, на основа на поставената теоретско-емпириска рамка, се потврдени, односно прифатени со што трудот ја добива својата целина како научно дело со особен придонес.

Клучни зборови: *Турција, Северна Македонија, меѓународни политички односи*

ABSTRACT

In the framework of this master's thesis, the Macedonian-Turkish international political relations are elaborated, and they are covered for analysis from several aspects: political, economic, socio-cultural and educational aspect. These are relations that have a long historical tradition, but are developing at the same pace in a modern framework of action.

The Republic of Turkey is a country that has shown unquestionably its support for the Republic of North Macedonia for a long period of time, since the country's independence. In this regard, it is pointed out that Turkey is among the first countries to recognize the country's constitutionality. This positive attitude of cooperation is increasingly expressed in the last decade when Turkish investments in the country have increased significantly and they are supported by the public.

Qualitative empirical research has been conducted within this paper. The same was done by distributing an interview questionnaire to a target group of respondents, i.e., a representative sample of a total of 50 respondents (experts, diplomats, university professors, public officials), in order to see their position on the issues, i.e., understanding. on international political relations and the level of cooperation gained between the Republic of Turkey and the Republic of North Macedonia.

Regarding the methodological framework, the paper applies the method of content analysis, method of comparison, method of synthesis, method of generalization and specification. The hypotheses that are declared in the master's thesis, based on the set theoretical-empirical framework, are confirmed, ie accepted, so that the thesis gets its whole as a scientific work with a special contribution.

Keywords: *Turkey, Northern Macedonia, international political relations*

ВОВЕД

Меѓународните политички односи играат важна и имаат голема улога во уредувањето на односите меѓу државите во светот. Тоа е еден демократски чин кој придонесува за воспоставување мир, пријателство и соработка меѓу државите. Меѓународните политички односи на една земја претставуваат договори во писмена или усна форма меѓу две или повеќе држави или меѓународни организации со кои се регулираат нивните меѓусебни односи.

"Целта на надворешната политика е релативна и условена: да се свитка но не и да се скрши, волјата на другата страна колку што е тоа потребно за заштита на сопствените витални интереси без повреда на интересите на другата страна."[1] Тоа е учење за надворешните работи и глобалните прашања помеѓу одредени држави во меѓународниот систем, вклучувајќи ги улогите на државите, внатрешно-владините организации, невладините организации и мултинационалните корпорации .

Во овој магистерски труд ќе ги прегледаме мегународните политички односи на Р.Турција и Р.С. Македонија, почнувајќи од својата историја, од своите корени и преминувајќи во нејзиното прераснување и преобразување во една модерна држава која цврсто се држи на своите изворни вредности. Следејќи го светот денес, исцртувајќи повеќе трендови во меѓународната политика и дифузијата и дистрибуцијата на моќта во меѓународните односи, логично ќе се поставува прашањето каде е Р. Турција на големата мапа на светски случувања, Како се дистрибуира моќта во турскиот еквилибриум на односи и кои се импликациите на Балканот и Р.С Македонија? Што треба да очекуваме во иднина?

Денешна Турција, како легитимна цивилизациска наследничка на Османлиското царство, го реафирмира целокупното духовно, културно и политичко наследство и има важна улога на значаен чинител во меѓународниот поредок, која сака да ги одржи постоечките сојузи, но и да воспостави нови, со цел во мултиполарниот светски

[1] Малевски Д. (2000),„Меѓународна политика",Правен Факултет

поредок кој се раѓа, би си обезбедила статус на влијателна макрорегионална сила и почитуван партнер од страна на главните центри на одлучување во светската политика.

Меѓународните политички односи на Р.Турција и Р.С Македонија како и на Балканот играат важна улога во меѓународниот поредок. Тоа го потврдува историјата. Важно е да се разработува оваа тема за да се дадат сите политички аспекти на интеракција и односот на Р.Турција во светот.

Од аспект на општествената оправданост, може да се каже дека меѓународните односи се актуелни и денес државите и меѓународните организации влегуваат во многу преговори на меѓународно ниво и со цел да ги запазат своите вредности. Во една демократски развиена земја политичните односи се основа за исполнување на мирот, благосостојба на земјата и помош на третиот свет за севкупен развој на планетата земја во една правилна насока.

1 ФОРМУЛАЦИЈА НА ПРОБЛЕМОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ

Прашањата кои се поставуваат и проблемите кои ќе бидат разработени се актуелни во меѓународните политички односи. Се работи за една обилна тема, Р.Турција со Р.С Македонија кои имаат древна заедничка историја, со цел да се формулира денешната меѓународна политика. Треба да се направи анализа и пресврт на корените на кои се темели Р.Турција т.е. Осмалиската Империја заедно со Р.С Македонија и пошироко на Балканот.

Проблемот на истражување е поставен во насока да одговори какви се односите на Р. Турција со Република Македонија. Исто така проблемот е во насока на тоа да се утврди во кои сфери задираат тие односи економски, политички, образовни, правни заради постоење на правна регулатива во договорите која ја имплементираат двете земји, социо-економски , културни итн.

Затоа проблемите во меѓународните односи на Р.Турција и Р. С. Македонија ќе се истражуваат од овој аспект.

[redacted]Предмет на истражување

Во овој магистерски труд ќе бидат разгледани многу современи текови во постигнувањето и примената на меѓународнитие политички односи на Република Турција и Република Северна Македонија во XXI век.

Предмет на истражување се самите *меѓународни политички односи* на Република Турција и Република Северна Македонија во целост, односно фазите на нивно постигнување, историскиот развој опфакајќи ја Османлиската Империја како нејзин наследник. Ќе се направи особен осврт на денешната слика на Република Турција со Балканот и Република Северна Македонија, како и нејзиниот напредок во текот на времето, од модерна република основана од Мустафа Кемал Ататурк па се до денес, предводена од претседателот Реџеп Таип Ердоган.

Цел на истражувањето

Цел на овој магистерски труд е детално да ги образложи процесите на креирање и примена на меѓународните односи на Р.Турција и Р.С.Македонија во историјата, со осврт на меѓународните односи на Р.Турција во Р.С Македонија и на Балканот. Магистерскиот труд треба да даде јасна слика на меѓународните односи на Р.Турција и Р.С Македонија , денес.

Хипотетска рамка на истражување

1. Меѓународните односи на Република Турција и Република Северна Македонија зависат од нејзиниот историски развој .
2. Меѓународните односи на Република Турција и Република Северна Македонија зависат од државите со кои имаат меѓусебен однос.
3. Меѓународните односи на Република Турција и Република Северна Македонија зависат од нивната геополитика.
4. Меѓународните односи на Република Турција и Република Северна Македонија зависат од земјите во кои има нејзини сонародници.
5. Меѓународните односи на Република Турција и Република Северна Македонија зависат од меѓународното право и меѓународните институции.

Методологија на истражувањето

Во поставениот случај за истражување, како резултат на сложеноста на темата која што се истражува, процесот на анализирање и интерпретирање на поставените тези, но и за покомплетно разбирање на појавата која што треба да се истражува се користи комбинирана индуктивна или квалитативна истражувачка стратегија и квантитативна истражувачка стратегија – со цел да се соберат и квалитативни и квантитативни податоци.

Од квалитативните методи се користат:

- ***Метод на анализа и синтеза***

  - Анализа на содржина на материјали - Стручни анализи во домен на проблематиката, објавени во: списанија, мас – медиуми, посебни изданија (книги, брошури, статии, публикации); Материјали и документи (извештаи) кои се подготвени од страна на Институти и Центри за истражување, достапни за јавноста (материјали со карактер на извештаи, оценки, препораки и сл.); Материјали кои произлегуваат од интернет истражување (веб страни, форуми, текстови од печатени изданија, рецензии и сл.); Анализа на стручна и научна литература која што ја обработува проблематиката.

  - Синтеза - Предметите и појавите кои се опфатени со анализа на содржината, се проучуваат во нивната целина и во вкупната нивна структура, а исто така и взаемното меѓусебно влијание на сите нивни елементи и сегменти. Односно, здружување, интегрирање и меѓусебно спојување на взаемните делови и сегменти во единствена целина.

Примарен извор при истражувањето ќе бидат меѓународните политички односи на Р.Турција и Р. С Македонија и активностите во надворешната политика. Ќе се направи компаративност со користење многу примери од праксата, интервјуа, истражувања, вести и дописи од новинарски агенции, извори од Турската Амбасада, министерството за надворешни работи на Р. Турција, Парламентот, толкувања на аналитичари, професори , дипломати и сл.

Податоците кои се користат во истражувањето се предвидува да опфатат голем број различни релеватни научни извори. Покрај секундарни извори на податоци, користени се и примарни извори во зависност од степенот на нивната расположливост.

Целта на студијата е да се развие дисертација која ќе даде проникливи заклучоци за причините и факторите за постигнување на позитивен однос во рамки на македонско-турските меѓународни, политички односи. Истражувачката студија има за цел да создаде увид во стекнатите позитивни практики во досегашните остварени македонско-турски односи, како и да се пронајдат алтернативи за идно подобрување на односите, од политички, економски и социо-културен аспект. Дополнително, истражувачката студија ги истражува и мотивите кои доведуваат до стекнување на можности за соработка помеѓу македонското и турското општество.

На основа на наведеното, целта на емпириското истражување е да се дадат препораки и значајни заклучоци за темата и да ја збогати академската литература која детално ја истражува оваа област. Магистерската теза е создадена како таква за да се истражи степенот до кој се засноваат позитивни практики и односи на рамката на македонско-турски односи, од меѓународно-политички аспект, како и да се обезбеди академската литература со нови резултати.

Емпириското истражување во рамките на овој труд се заснова на примена на квалитативна истражувачка стратегија, на чија основа се добиваат квалитативни податоци, за понатамошна обработка и интерпретација. При истакнување на квалитативните методи, како инструмент се применува анкетен прашалник за интервју. Дополнително, за толкување на податоците се користи метод на анализа на содржина, претставен на основа на обработка на податоците добиени од анкетен прашалник (со комбинирани прашања од отворен тип) на репрезентативен примерок од вкупно 50 испитаници (експерти, дипломати, универзитетски професори, јавни функционери), со цел да се увиди нивниот став во врска со посочената проблематика, односно разбирањето на меѓународните политички односи и ниво на стекната соработка помеѓу Република Турција и Република Северна Македонија. Овој емпириски процес, во голема мера може да послужи за добивање на јасна слика за актуелната состојба но и да се дадат значителни препораки за подобрување на односот во идна рамка на делување.

Основната методолошка замисла во тестирањето на емпириското истражување е насочено кон анализа и интерпретација на посебните хипотези врз чии анализи и коментари на крајот се извлекува генерална констатација на основа на прифаќање или отфрлање на поставените хипотези.

Истражувачки дизајн

Ова истражување се смета како каузална (причинско-последична) истрага; особено се истакнува што истото е во форма на индивидуални интервјуа кои се користат како дополнителна истражувачка алатка за потемелно истражување. Се одржува - онлајн, по пат на е-маил пошта. Истражувањето се врши и преку примарни и секундарни истражувачки техники. Техниките за примарно истражување вклучуваат квалитативна методологија. Со тоа се верува дека севкупната магистерска теза ќе резултира со попрецизни наоди во областа на анализа на меѓународните политички односи помеѓу Република Турција и Република Северна Македонија.

Секундарните податоци ќе се добијат од архивски материјали (библиотеки и интернет податоци), како и од студии и анализи во однос на статистички информации, написи и сите валидни извори на информации релевантни за студијата.

Релевантност на методот за емпириско истражување

Во врска со примената на квалитативното истражување во рамките на овој труд, изборот на методот „анализа на содржина“ за анализа и интерпретација на податоците е најквалитетното во рамките на истражувањето се користи полу-структурирано отворено интервју како алатка, така што добиле одговор од описен карактер. Со цел да се добие релевантноста и суштината на секој податок на испитаниците, изборот на методот „анализа на содржина“ се гледа како најсоодветен со цел да се виде истражувањето, да се виде состојбата и да се извлечат генерализирани податоци на основа на што се добиваат суштински насоки за ефективно елаборирање на истражувањето.

Собирање на податоци

Квалитативните податоци се собрани преку процес на интервјуирање на цената група. Реалниот увид на факторите на влијание врз креирањето на македонско-турските меѓународни политички односи, како и тековниот процес и предизвици со кои се соочува Република Северна Македонија, тековно, се од суштинско значење за подобрување на понатамошниот однос на влијание и делување. Во реализација на квалитативното истражување кое што е направено за потребите на овој научен труд, се премина кон користење на научно-емпириска елаборација на проблемот, воедно предмет на истражување. Од расположливите техники и методолошки алатки за прибирање и понатамошно толкување на податоците е користење семи-структурирано, отворено интервју. Во однос на изборот на примерокот кој е вклучен во истражувањето, се работи за репрезентативен примерок на 50 државјани на Република Северна Македонија, со различна етничка припадност. Овој примерок е условен соодветно на проценатa на најсоодветни испитаници за потребите на истражувањето. Односно, примерокот кој е опфатен со интервјуто е наменет заради добивање на податоци од лица кои во периодот – предмет на истражување, се инволвирани во детална анализа или практично инволвирање на во рамки на македонско-турските политички односи. Вкупно се направени 50 интервјуа.

Теренската работа на собирање на податоците се одвиваше во временскиот период помеѓу 15.03. 2021 и 01.04.2022 година. Прашалникот со подготвени шест прашања е идентичен за сите, документирањето на податоците се водеше слободно, а податоците се обработија квалитативно. За средување на податоците од интервјуто е користен методот анализа на содржина. Анализата е приложена преку зачувување на автентичноста на изнесените податоци и нивната суштина.

Прв и основен чекор во подготовката на интервјуто, со цел добивање на квалитетни и корисни податоци е правилна селекција на прашања кои во целост се поврзани со главните истражувачки прашања и предметот на истражување на овој научен труд. Еден од основните белези на оваа методолошка алатка е анонимност на соговорниците со најава дека добиените податоци се користени исклучиво за научни цели (освен на оние соговорници за кои постои авторизирана дозвола за објава на нивните генералии).

За време на остварување на втората фаза, односно теренската реализација на интервјуто (со помош на користење на он-лајн пристап до испитаниците), се пристапи кон анализа, интерпретација и обработка на податоците. Со цел користење на релевантни, јасни и прецизни податоци, по изведување на анализа на добиените искази, по класификација според прашањата е направена соодветна селекција на специфичните и репрезентативни податоци, додека пак нецелосните и нејасни ставови се отфрлени. Од добиените податоци (корисни и релевантни) е направена сублимација во вид на одговор, соодветно на потребите и целта на прашањата.

Тежиштето на истражувањето е насочено кон сублимирање на ставови и мислења за утврдување на волуменот за главните фактори кои доведуваат владеење на позитивни атмосфера во македонско-политичките меѓународни односи, како и увид во реалните предизвици со кои се соочува Република Северна Македонија, во насока на утврдување на идните перспективи на младината.

[redacted]Лимитираност и етика на истражување

Истражувањето е спроведено на релевантна целна група, сепак постои одредена лимитираност во спроведувањето на истото. Квантиативното емпириско истражување во рамките на овој труд е претставено со анализа на носители на функции, експерти во своето поле на делување кои припаѓаат на македонското општество. Имаме можност за проширување на перцепцијата, бидејќи истите прашања се поставени и на турски дипломати, функционери или припадници на турското општество, со цел да се увиди и нивната перспектива по однос на македонско-турските политички односи, од меѓународна перспектива.

Прашалникот е спроведен индивидуално до секој испитаник, имајќи ја во предвид етичката димензија на поставеноста на прашањата, како и заштитата на личните податоци во однос на јавно презентирање на истите, без да се наруши кредибилитетот, како на самите испитаници.

Истражувањето е спроведено на релевантна целна група, преку целосно почитување на испитаниците на основа на возраст, пол и етничка припадност. За време на спроведување на истражувањето како и при анализа и интерпретација на податоците се

задржува правото на анонимност на испитаниците (освен на оние испитаници кои дадоа согласност и кои се споменати со име и презиме во анализата). Исто така, не постои можност од злоупотреба на податоци во однос на моменталниот ангажман и позиција на испитаниците, сегашна и минатa, како и изнесени погледи кон проблематиката. Станува збор за целосно транспарентно истражување кое што ќе биде споделено со целната група во моментот на завршувањето со цел да имаат директен увид во добиените податоци.

Карактеристики на примерок

Анкетниот прашалник, наменет за интервју, кој е применет во рамки на емпириското истражување во овој труд, својот легитимитет за примена во дадена ситуација и рамка на перцепција на одреден сооднос на ставовите на испитаниците кон истражувачките прашања, го добива на основа на предходно детална анализа на поставената теоретска рамка, како и истата прилагодена на општествените потреби и прилики.

Во однос на структурата на самиот прашалник и димензиите на прашања кои ги испитува, станува збор за анкетен прашалник, претставен во два дела. Првиот дел се однесува на општи, демографски податоци за испитаници. Основна цел за овие податоци е да се увиди профилот на испитаникот, со цел потоа да се увиди веродостојноста и кредибилитетот на сумирање, понатамошна обработка, како и комбинирање на добиените податоци во повеќе насоки, со цел да се добијат оригинални препораки за идни истражувања но и практиви во македонското општество, турското општество и пошироко. Овој дел се состои од четири прашања. Нивната димензија се однесува на неколку варијабли: пол; возраст; етничка припадност; работно искуство/позиција.

Вториот дел од анкетниот прашалник наменет за интервју, опфаќа прашања кои се од отворен карактер, а се директно поврзани со проблематиката. Основната цел е од овие прашања да се добие реална слика за перцепцијата на секој од испитаниците, воедно истакнати (минати или сегашни) носители на функции во рамки на македонското општество, како и експерти кои ја анализирале во свои дела или тековно се посветени на анализа на оваа проблематика. Овој дел од анкетниот прашалник за интервју, опфаќа вкупно шест прашања.

Прашањата во анкетниот прашалник за интервју, се формирани на начин на кој се дозволува да се пристапи кон одобрување (прифаќање) или отфрлање на поставените хипотези на овој магистерски труд. Притоа, се увидува нивото на разбирање, владеење но и увид на начинот на кој испитаниците се справуваат со проблематиката, особено на основа на примена на општествени практики, реални за местото каде што се истражува.

За време на реализација на истражувањето, издвоен е временски период од една година за дистрибуција на анкетен прашалник за интервју (15.03.2021 – 01.04.2022 година), дистрибуиран до соодветната целна група по електронски пат. За да се исполни лимитот од 50 испитаници, опфатена е поширока целна група од 65 испитаници, од кои 15 испитаници не го одговорија воопшто прашалникот . Категориите на испитаници кои се опфатени, се со цел да се увиди различно ниво и пристап на анализа на иста проблематика.

2 МЕЃУНАРОДНИТЕ ПОЛИТИЧКИ ОДНОСИ НА РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА И РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Се претпоставува дека првите зачетоци на Турските заедници датираат пред 6000 п.н.е кога тие се занимавале со сточарство.[2] Според некои историчари тие се нарекувале Предтурци. Сепак, гледано од аспект на меѓународните односи, првите дипломатски односи започнуваат со турците Хуни [3]кои биле војствена и преселничка Турска заедница.

Меѓународните политички односи на Република Турција и Република Северна Македонија

Во следниот дел се направи преглед на меѓународните политички односи на Република Турција и Република Северна Македонија од аспект на историскиот развој на односите како би ја поткрепиле хипотезата дека меѓународните политички односи на двете земји зависат од нејзиниот историски развој.

2.1.1 Еклистичен аспект, историски развој на Република Турција односно Османлиската Империја и нејзините први зачетоци на Балканот и Македонија

Турското влијание на територијата на Република Северна Македонија, може да се подели на три периоди:

1) Периодот пред Османлиската Империја 378 – 1299;
2) Периодот за време на Османлиската Империја 1299 – 1912;
3) Периодот по Османлиската Империја 1912 – 2022.

[2] Zekıyev Mırfatıh, (2007)„Türklerin ve Tatarların Kökeni, Selenge Yayınları“, стр.143-178
[3] Baştav Şerif , (2002) “Avrupa Hunları”, Türkler, I, Yeni Türkiye Yay., Ankara,

2.1.1.1 Периодот пред Османлиската Империја 378 – 1299

Без да се навлегува во постоењето на другите турски заедници кои се распространиле во светот, се истакнува улогата на нивните зачетоци на Балканот и во Македонија. Така, по долгогодишното постоење на Турските заедници на територијата на Азија , Турците – Хуни, се тие кои се насочуваат кон Западна Европа, па со нивното доаѓање кон Европа ги поттикнуваат и другите Турски заедници како Аварите, Куманите, Печенеците и сл. да напреднуваат кон оваа територија.[4] Првите Турци кои се доселиле на оваа територија биле Турците Хуни. Походите започнуваат во 375 година, додека пак во 395 година ја минуваат реката Волга и доагаат во Тракија и Илирија. Во 422 година, го започнуваат походот каде ја завземаат територијата на Македонија. Во овој поход со Рим се потпишува Маргускиот Договор.[5] Големиот Турски водач Атила во 477 година со својата војска преку Белград-Ниш-Скопје- Солун-Тракија доаѓа до ѕидините на Истанбул, каде што се потпишува договорот Анадолиус со кој ги задолжува Византијците повторно на висок данок.[6] Според тоа, во IV век во Македонија започнува доселувањето на првите Турци Хуни. Северно од Црно Море, поаѓајки на запад под водство на Улдин го завземаат просторот до Карпатите и заедно со други групи се населуваат на Панонската долина која е под Римска Империја.[7]

Други турски заедници кои се доселуваат на територијата на Македонија се Турците Авари.[8] Во 566 година им се придружуваат на Славите и заедно во 584 година го завземаат Белград. Иако доаѓаат до Македонија, нема доволно податоци за понатамошниот развој. После нив доагаат Бугарските Турци, Печенеци, а во 889 година доаѓаат и Турците Узи кои најкратко се задржале на територијата на Македонија.

Особено остава впечаток констатацијата на големиот Турски водач Мустафа Кемал Ататурк, кој рекол „Турската историја е една целина. Токму затоа, таа треба целосно да се истражува, проучува и едуцира“. Во 815 година по потпишувањето на Мировниот договор помеѓу Византија и Бугарија, со цел да се заштити Бугарската

[4] Ahmetbeyoğlu Ali, (2001) „Avrupa Hun İmparatorluğu“, TTK, Ankara, стр. 127
[5] Cag Galip, (2010), „ 17. Yy Osmanli Hakimiyetinde Manastir“ ,Sakarya Universitesi стр. 38
[6] Oztuna Yilmaz, (1963), „ Baslangicindan Zamanimiza Kadar Turkiye tarihi “Hayat ,Istanbul стр. 71
[7] Hamzaoglu Yusuf (2000), „Balkan Turklugu“ Kultur Bakanligi yayinlari, Ankara, стр. 9
[8] Howorth, Henry H. (1873), „The Avares, or Eastern Huns“, The Journal of the Anthropological Institute of Great Britain and Ireland, Tom. 2, стр. 114-127

граница, во 830 година од Анадолија и Балканскиот полуостров биле донесени 14 илјади Турци кои биле населени покрај Вардарската долина и биле наречени Вардароти или Вардари, поточно Вардарски Турци. Во далечната 1035 година, доаѓаат Турците Печенеци и се населени на територијата на Овче Поле. Токму во овојy предел, доаѓа до судири со Византијците во 1050 година, при што се задаваат големи порази на Византиската и Бугарската војска со што стануваат послободни на ова територија.[9] Дополнително, во овој период на Балканот се доселуваат турците Кипчаци или во некои извори Кумани.[10] Кипчаците (или Кумани) заедно со Печенеците во Куманово формираат Турска Федерација[11] чија политичка моќ набрзина опага а турците се претопуваат во Слави и христијани.

Турците Селџуци во 1035 година во Азија биле номадска заедница кои 1040 година издвоиле значајна победа на Иранската територија и создале своја држава која во кратко време со освојување на територијата до границите на Кина, Кафкас, Црно Море и Египед, ја формираат својата империја.

Големата Селџуска држава опстојувала од 1035 – 1040 година, се до распадот во 1157 година и со неа владееле Тугрул Бег (1040-1063) во подемот кон стануване на империја, Алпаслан (1063-1072), Меликшах (1072-1092), Махмуд Бег (1092 -1904), Беркјарук (1092-1104), Мухаммед Тапар (1105-1118) и Сенџер Бег кој владеел во второто императорство (1119-1157). Со неговата смрт настанува крајот на Селџуската империја. Во времето на Селџуците од Огузите кои живееле во Конја, Анадолија биле донесени во Македонија.

Османлиите, Средновековните Турци, Иран (Сасани), Византија, Грција, Исламот и номадската традиција, сплотени, се последната организација или институција пред Османлиската Империја.

При формирањето на Османлиската Империја, а со цел да се разбере структурата на заедницата пред неа, треба да се изврши увид во елементите кои ги

[9] Yücel Mualla U.(2002), „Balkanlarda Peçenekler“, Türkler,II ,Yeni Türkıye Yay., Ankara, стр. 717
[10] Laszlo Rasony,(1984), „Tuna Köpruleri“,Çev.Hicran Akın, Ankara, стр. 84
[11] Gökbel Ahmet, (2002), „Kıpçaklar /Kumanlar“, Türkler ,II, Yeni Türkiye Yay,Ankara, стр. 734

налага Османлиската Заедница.[12] Селџуците се едни од 24-те номадски заедници на Огузите. Огузите тргнувајки од Хорасан во најзападната точка од Анадолија во Битинија го формирале Османлиското Кнежевство, а тие биле многу ревносно поврзани на своите традиции и обичаи. Но, меѓу Турците кои што се преселиле од Хорасан во Анадолија имало и луѓе кои што во Централна Азија живееле во селата и во градовите уште од најстарите времиња на кои што се навикнале.[13]

2.1.1.2 Периодот за време на Османлиската Империја 1299 – 1912

Колку и да постојат податоци за постоењето на Турците во Македонија пред Османлиската Империја , Турската култура во овие простори масовно се населила со освојувањето од страна на Османлиската империја.[14] Така на територијата на денешна Република Северна Македонија, се населиле турците Огузи. Првите приливи на Османлиите во оваа територија датираат од 1324 та година од страна на Осман Бег.

Во 1364 година се одигрува Првата Маричка битка каде што со добиениот исход настанува брз напредок на Турците во Балканот.[15] Имено, за времето на Мурад Хан I, на 26 Октомври 1371 година била одиграна Втората Маричката битка со чија победа ширум се отвориле вратите на Македонија за Турците.[16] Во 1382 година, Тимурташ паша ги освојува градовите Прилеп и Битола, а потоа во 1385 година го освојува и Охрид. Сепак помасовното населување на Турците во Охрид се изразува по освојувањата на Фатих Султан Мехмед 1464 година.[17] Последен град што е освоен од страна на Османлиската Империја е градот Скопје.[18]

[12] Öğudenli Osman Gazı, , (2013), „Selçuklular,1 Büyük Selçuklu Devletı Tarıhı (1040-1157)“, Türkıye Diyanet Vakfı Islam Araştırmaları Merkezi Yayınları ,Istanbul
[13] Koprulu Fuad, (1959), „Osmanli Devletin Kurulusu“, TTK Yayinlari, Ankara, стр. 50
[14] Nureski Djuneis, (2016), „Osmanlidan Gunumuze Mekedonyadaki Turk Kulturu ve Makedonyanin Turk Kultur Tarihindeki Yeri ve Onemi“ TIKA Avrasya Etudleri 50/2016-2
[15] Uzuncarsili Ismail Hakki,(2011), „Osmanli Tarihi“,Turk Tarihi kurumu basimevi Ankara,
[16] Jelavic Barbara, (2009), „ Balkan Tarihi 1, 18 ve 19 yy “Ceviren Ihsan Durdu, Gulcin Tunali, Hasim Koc , стр. 33
[17] Ibrahimgil Mehmed Zeki, (2013) , „Evliya Celebi Seyahatnamesinde Ohri Sancagi“, Sanat Tarihi Dergisi, Cilt:22, Sayi1, стр. 111
[18] Gjorgiev Dragi ve Nikolova Daniela, (2008), „Uskup Osmanli Darphanesi“, Makedonya Muzesi Ulusal Tarih Kurumu yayinlari , стр. 11

Во 1354 година, со отворањето на вратите на Румелија, Османлиите ја започнуваат ерата на светска Империја. Темелот на Империјата се става на европско тло поради низата успеси на Османлиите и ослабувањето на Византиската Империја како и Балканските земји а дополнително и комликациите на Западот се главна причина за големиот пораст. По IV Крстоносна војна и распаѓањето на Византиската империја во 1261 година се започнуваат плановите за завземање на Константинополис. На Балканот, Српската и Бугарска држава се развивале а Империјата била концентрирана на Западот. Со владеењето на Мурад Худавендиѓар, Империјата повторно се концентрира на Балканот. Во 1365 година, со завземањеро на Едирне, градот постанува центар на престолнината и започнува повторна концентрација кон Европа. Османлиите веќе владеат на Балканскиот Полуостров. По територијата на Румелија веќе се носат турци од Анатолија за да го населат овој предел. Преку пројавените успеси на овие простори, земјите соседи како Унгарија ја чувствуваат опасноста и бараат нови сојузи кон Европа. Така настапуваат Крстоносните војни. Сепак, немоќноста да владеат заедно како и внатрешните несогласувања, придонесуваат за да се намали нивното дејство на влијание.[19]

Според една теза на Ибни Халдун, се вели дека постојат голем број на примери и докази преку кои се тврди дека ниту една држава чија што структурна градба била номадски начин на живот а која што ја сочувала ова особина не можела да опстане повеќе од три генерации односно повеке од сто и дваесет години. Сепак, шест вековното опстојување на Османлиската држава покажува дека овој случај е исклучок од поставената констатација.[20]

По освојувањата, се носат жители од Анатолија, преку чин со кој всушност започнува масовно градење на џамии, месџиди, здравствени домови, училишта, ханови, амами, мостови, чаршии, безистени, имарети, чешми и сл. Најглавна племенска традиција која што е присутна кај османлиите е тоа што државата се смета како имот на Османлиската династија. По смртта на султанот кој ќе дојде на престолот одлучувало

[19] Baştav Şerıf , (2004), „Osmanlı İmparatorluğu'nun Kuruluşu Esnasında Bızans ve Avrupa", Volume 68, Issue 251, c. 63-104
[20] Adivar, Halide Edip, (1955), „ Turkiyede Sark Garp ve Amerikan Tesirleri", Istanbul, стр. 10-31

собрание составено од кнезови, еснафи, стари луѓе и сл.[21] Влијанието на господарите во управувањето со државата завршува со Фатих Султан Мехмед каде ќе се воспостави еден систем по име дворска превласт.[22] Османлиската империја одела по стапките на Византиската, Балканската и Монголската традиција, кои заедно со Турските и Исламските институции ја создавале генералната слика за политичкиот систем на уредување.

2.1.1.2.1 ОСМАНЛИСКАТА ИМПЕРИЈА ВО МАКЕДОНИЈА (1321-1451)

Првите приливи на Османиите во Македонија настануваат во 1321 година, за време на владеењето на Осман бег. Кога Византиската империја поминува низ потешки услови а Српското Кралство ја започнува окупацијата над Македонија, Осман бег го ослободува Солун од Српска окупација. Во 1352 година, Османлиите се населуваат во Румелија што преставува пресвртна точка, особено со смртта на Душан во 1355 година, кога се растура Српското Кралство а Македонија влегува под Османлиска власт. Со цел ја запрат окупацијата, Српско –Унгарските војници во 1363 година ја одигруваат Српската битка каде што се поразени од страна на Османлиските војници. Како надополна на наведеното, Мурат I во 1380 година, го освојува Штип, во 1382 година, Битола, во 1385 година се освојува повторно Охрид, додека пак најважното пристаниште на Македонија – Солун се освојува во 1394 година од страна на Бајазид.[23]

Освојувањето на Балканот од страна на Османлиската Империја започнува со владеењето на Мурат I и Мурат II па се до 1481 година со втората Маричка Битка. По ненадејната смрт на Мурат II, неговиот прв син Јакуп ја собира својата војска во

[21] Ates Toktamis, (2001), „ Siyasal Tarih“ , Der Yayinlari, стр. 30
[22] Inalcik Halil,(2010), „ Mehmed II“, IA Cilt7, стр. 506-535 ISAM,
[23]Gokce Turan, (1996), „Makedonyadaki Osmanli Evraki“ T.C Basbakanlik Devlet Arsivleri Genel Mudurlugu Osmanli Arsivi Daire Baskanligi Yayin No:29 Ankara,

Анатолија а Бејазит неговиот втор син веќе победува над србите. Станува збор за особено брзо протегање кон Европа и Анатолија. Дополнително, познавањето на Балканот и овој регион, придонесува самиот Бејазит успешно да го продолжи делото на својот татко на Балканскиот полуостров. Во 1391 година, Бајазит го освојува Скопје и во Вардарската долина населува Турци од Анатолија. Со владеењето, Мурат II во 1429 година го освојува Солун, град кој останува под османлиска власт се до Балканската војна во 1912 година. Краткото владеење на Мехмед до 1421 година придонесува за средување на односите во Османлиската империја ç

Со масовното населување на турците започнувајки од владеењето на Мурад I и понатаму од времето на Бајазит политиката со преселување продолжува и понатаму напрегајки се на целиот Балкански полуостров. По војните со Австија помегу 1683-1699 година на Балканот многу од центрите на градовите претрпиле штети при што и градот Скопје ,ова било причина на преселување на дел од населението во Истанбул[24]

Во Албанија, пак, од 1405 -1468 година, се истакнува Скендербег кој е земен во сарајот да се едуцира, а потоа се назначува да управува во својата родна земја. Сепак, тој го завејува знамето на неговото семејство и се бори против Османлиската власт. Албанија постанува независна од Османлиското царство на 28 Ноември 1912 година.[25] Првиот мировен договор на Османлиската империја е Сегетскиот мировен договор во 1444 година. Унгарските војски заедно со Србија и Босна ги предводат Крстоносните војни и ги поразуваат Османлиите под водство на Мурад II, кој со овај мировен договор добива повеќе време на Балканот. Исто така, во Србија останува да владее, со тоа што се задолжува да и плаќа данок на Османлиската Империја. Долгиот напор на освојувањата на Османлиската Империја се однесува на масивната меѓународна политика и дипломатските активности кои резултираат токму со овој мировен договор.[26] Според наведеното, како главна констатација се увидува дека освојувањата на Балканот главно се предводени од страна на Мурат II, при што по неговото владеење остануваат само

[24] Hoca Nazıf , „ Uskup“, (1986), MEB Islam Ansıklopedısı c13 s 124
[25]Castellian Georges, (1995), „Balkanlarin Tarih 14-20 yyi Histoire des Balkans“, Milliyet Yayinlari 2 baski, стр. 61-78
[26] Engel Pal, (1994) „Janos Hunyadi and the peace of Szeged“ Acta Orientalia Academiae Sceientarium Hungaricar Vol.47, No.3 Akademiai Kiado , стр. 241-257

неколку градови од Византиската Империја, како Константинополис кој е освоен од страна на Мехмед II (1451-1566) во 1453 година, со што всушност се става крајот на владеењето на Византиската Империја. По освојувањето на Истанбул се повикуваат турците од Тракија, Грција и Македонија да ги населат напуштените имоти од Византијците.

2.1.1.2.2 ПЕРИОДОТ ОД 1453 -1912

По освојувањето од страна на Османлиската Империја во 14. век, Македонија се запознава со исламот со што се започнува со менување на општеството во културен, социјален и верски аспект. [27] Притоа, започнуваат да се градат архитектски дела со висока уметничка вредност. Како надополна, за време на владеењето на Османлиската империја биле изградени 818 верски, 151 образовни, 124 трговски објекти, како и многубројни чешми, хамами, имарети, мостови и сл.[28] Пред се, важно е да се посочи дека Османлиската империја во 14. и 15. век се развива како Балканска Империја. [29] Токму затоа, Османлиската Империја, посочува внимание и грижа за потребите на Балканот во секој аспект. Големите градови како Бурса, Истанбул, Едирне, Солун ги помируваат земјоделските и сточните потреби на пределот како и потребите на војската. Побогатите предели остварувале и голем прилив во ризницата на Османлиската иперија, така што во 1458 година, Дубровник, Србија и Македонија беа задолжени со плаќање на данок. Технолошките, интелектуалните и политичките новости од Европа во Османлиската Империја доаѓаат токму преку Балканот. Најнадарените деца биле воспитувани, образовани во Цариград, уживале голем број привилегии, со што им било овозможено да заземат високи позиции во државната хиерархија.

Со проширувањата на Османлиската Империја, особено со неуспешноста во Втората Опсада на Виена во 1683 година, започнува ослабнувањето на нејзиното

[27] Noel Malcom, (1999), „Bosna'nın Kısa Tarihi", Çeviren: Aşkım Karadağlı, İstanbul, стр. 66
[28] Nureski Djuneis,(2016), „Osmanlı'dan Günümüze Makedonya'daki Türk Kültürü ve Makedonya'nın Türk Kültür Tarihindeki Yeri ve Önemi", Avrasya Etüdleri, T.C Türk İşbirliği ve Koordinasyon Ajansı Başkanlığı (TİKA) Yayınları, Sayı 50(2016/2), Ankara, , стр. 356
[29] Sancaktar Caner,(2011), „ The Ottoman Rule and its political legacy in the Balkans". Ege Strategic Research Journal, Cilt 2, Sayı 2,

владеење на оваа територија со повремени осцилации се до Балканските војни и нејзиното транформирање во република .

Скопје постанува повторно значаен центар по Османлиско Руската војна во 1877-78 година со што после 200 години застој повторно доага до преселби што резултирале и со поставувањето на железничкиот пат.[30] Во пописот во 1904 година направен од Османлиското Царство во Солун Битола и Косово биле населени вкупно 2.911 721 жителиод кои 1 508 507 муслимани, 896 497 Бугари, 307 000 Грци,100 717 Срби и 99000 Власи [31]

2.1.1.3 Периодот по владеењето на Османлиската Империја 1912 -2022

Како што историјата на Балканот и Македонија не може да се замисли и разбере без Османлиите и Славите, така и модерната Турска Република заедно со Турската културна историја не може да се замисли и разбере без Балканот и Македонија. Османлиската држава, која како светска сила доминирала во земјите на Среден Исток, Кафказ, Балканот и Медитеранот, владеела во спокојна, безбедна управа со широка лепеза на народи, кои се уште имаат обединувачка нишка и во денешно време, на основа на постоечките културни аспекти.

Балканските Војни предизвикале голема траума во владеењето на Османлиската Империја затоа што Румелија била од особена важност не самошто игубиле голема и стратешки важна територија туку за Османлиското Царство Румелија била татковина и извор на културна и почитувана раја. Друг спесифичен аспекст е и Македонското прашање кое се појавува од 1903 година и кое продолжува се до Првата Светска Војна. Првата Балканска Војна започна на 8 Октомври 1912 година . Османлиската Империја наспроти Балканскиот сојуз од аспект на надворешната политика остана без подршка , од низата неповолности Албанија на 28 Ноември 1912 ја прогласи својата независност .Со Лондонскиот мировен договорот потпишан помеѓу Османлиското Царство и

[30]Nesımı Yazıcı ,(1996), „Salıh Asımın eserlerında Uskub Tarıh boyunca Balkanlardan Kafkaslara“, Turk Dunyası Semınarı Bıldırıler Istanbul s 54
[31] Ağanoglu H Yıldırım,(2008) , „Üskup Kitabı “ Fide Yayınları Istanbul s154

Балканските Земји на 30 Мај 1913 година се означи крајот на војната но незадоволството на Балканот остана со што дојде до Втората Балканска Војна на 29 Јуни 1913 година . На 29 Септември 1913 Османлиското Царство и Бугарија го потпишуваат Истанбулскиот договор, со Грција во 14 ноември 1913 година се потпишува договорот во Атина , на 13 Март 1914 година се потпишува договорот со Србија. [32] Со Првата Светска Војна во 1918 се назначува крајот на владеењето на Османлиската Империја а воедно почеток и нова ера за нејзиното преобразување. Во 1923 Кемалистичка Турција го потпишува Лозанскиот Мировен договор.[33]

Легалистичен аспект, нормативните аспекти на настанување на Република Турција

За време на I конституција во 1876 г. немало ниту политички партии, ниту пак групи преставници на политички партии тие почнале да се формираат за време на II конституција кога според турскиот историчар Илбер Ортајли се започнува ерата на политичко групирање во османлиското општество. [34] Постоеле 4 идејни струења Османизам (за конституирање на отоманската нација),Модернизам (ориентирање према запад),Исламизам –панисламизам (создавање на исламско единство) и Пантуркизам – Туранизам(движење на турски национализам) [35] Во почетокот на 20 век, големите европски сили вршеле притисок врз Османлиското Царство со цел да започне процес на внатрешно реформирање. Иста цел имала и младата турска интелигенција која била свесна дека султанската власт е сериозно поткопана и дека мора да дојде до промени. Османлиските власти, за подготвувањето на современите специјалисти во воената област, своите офицери ги испраќале на обука во европските држави. Сепак, османлиските офицери освен со воени знаења во земјата се враќале и со либерални идеи.

[32] Gencer Alı İhsan , Özel Sabahattın,(2001),, Türk İnklap Tarıhi Der Yayınları“ Istanbul s 36 48
[33] Castelian (1995) „Balkanların Tarihi“ 14 ve 20 yy ONK AJANS Istanbul стр391 490
[34] Ortaylı İlber ,(1983)„Imparatorluğun en Uzun Yüzyılı“, Istanbul, s 191-192
[35] Hamza Yusuf,(1995) „Младотурската револуција во Османлиската Империја“, Логос –А , Скопје

Кон крајот на 19. и почетокот на 20. век во Ослманлиската Империја започнале да се доздаваат тајни комитети , тоа биле група на високоразвиени и едуцирани ученици кои се образовале во воените училишта. Првиот таков комитет бил формиран во 1889 година од военопоморското училиште во Истанбул. Кон ова движење се приклучиле и привржаниците на Митат Паша кој бил еден од авторите на првиот османлиски устав во 1876 година. Но овој устав бил запишан и султанот Абдул Хамит II кој всушност успеал да го продолжи животот на империјата уште 30 години. Султанот организирал многу ефикасна шпионска централа за елиминација на тајните комитети во империјата. Во 1901 година, во Империјата останала само една тајна организација бидејќи голем дел од членовите биле уапсени, додека пак останатите побегнале во Европа. Во 1905 година во Солун била основана организација на османлиското општество за слобода, чии членови биле од Солун и Битола. . Градот Солун станал политички центар на организацијата.

Од овој аспект, важно е да се спомене и турското национално движење , национално движење кое ги опфаќа политичките и воените активности на турските револуционери, кои резултирале во создавање и обликување на модерната Република Турција. Сето тоа следувало како последица на поразот на Османлиското Царство во Првата Светска Војна, потоа, последователно окупацијата на Цариград и поделба на Османлиското Царство од страна на сојузниците, а под условите на договорот од Мундрос. Османлиите го сметале движењето како дел од меѓународен заговор против нив. Турските револуционери се побуниле против оваа поделба и против договорот од Севр , потпишан во 1920 година од османлиската влада, кога цела Анадолија била поделена на сојузнички региони.

Сојузот на турските револуционери во овој период било од големо значење бидејки ова преставувало зачеток на Турската војна на независност која била на 1 ноември 1922 година, но и прогласување на Република Турција на 29 октомври 1923 година. Движењето имало основна цел турскиот народ да биде управуван на единствен демократски начин и тоа само преку големото национално собрание на Република Турција.

Конференциите и договорите кои ги предводело националното движење во 1919 година се одвивале на територијата на Анадолија и Тракија. Мустафа Кемал Ататурк имал за цел да ги сплоти сите независни движења во земјата кои имале ист став со единствена цел да се изгради една независна република .Мустафа Кемал Ататурк бил главен портпарол и воен водач на движењето.

Со Младотурската Револуција дошло до менување на политичкиот систем, при што, Кемал Ататурк ја создава модерна Република Турција.Собранието на 5 август 1922 година, го прогласува Мустафа Кемал како командант на силите. Во август Мустафа Кемал Ататурк започува со силни напади врз грчките војници , за да ја поврати контролата на Измир, тој целосного завзема Измир на 9 ти септември 1922 година. Неговото лидество останува во границите на неговата идеологија „Мир во земјата, мир во светот“ со што успева на еден висок дипломатски јазик да воспостави нови граници и да создаде една модерна република.

На 21 ноември 1922 година започнува Конференцијата во Лозан ,каде Турската држава била преставувана од страна на Исмет Инону .Турскиот став бил да се одбие секој предлог кој би бил пречка за турскиот суверенитет ,управувањето на турските финансии ,управувањето со Босфорот, правдата, и слично. Договорот во Лозан бил потпишан на 24 јули 1923 година. Главната цел за прогласување на независнот на Република Турција била постигната на 29 октомври 1923 година. Успехот во креирањето на нова независна република било поттик да се започнат напорите за модернизација на земјата . Со прогласувањето на независноста дошло до потреба да се направи нов устав а и институциите да се усогласат по примерот на на западните држави како Италија, Франција, Швајцарија и Шведска по последователни анализи и прилагодувања се модернизирале според потребите и карактеристиките на турската нација.

Од особена важност е да се истакнат корените на современа Турција. Имено, станува збор за временски период од први ноември 1922 година. Истото, било одлучено за време на големото народно собрание во Анкара, каде што се одлучило да се укине Султановата канцеларија во Истанбул. Според постоечките податоци, последниот султан

го напуштил Истанбул на 17ти Ноември 1922 година. Тоа е настан кој го означува крајот на Османлиското Царство.

Турција е прогласена за република на 13ти Октомври 1923 година, додека пак за нејзин главен град е поставен градот Анкара. Прв претседател на турската република е Кемал – паша, односно Мустафа Кемал Ататурк. Дополнително, Кемал Ататурк како претседател на Република Турција, извршил значајни реформи за нејзиното модернизирање почнувајки од војската, економијата, културата, образованието, како и ги фрлил темелите на модерна Турција.

Она што подоцна се случува, во 1924 година, всушност доаѓа до укинување на калифатот кој за време на османлиското царство претставувал главниот извор на верската моќ, а исто така доаѓа и до забрана на посебните верски училишта, забрана за носење на фесот, но и се воведува латиницата како службено писмо наместо арапското писмо. Исто така, што е особено важно, се воведува рамнопавност на жените и нивно право на глас.

Од 1952 година (нешто што е особено важно од денешна перспектиква) Турција е членка на НАТО, а во април 1987 г. и формално побарала прием за членство во ЕУ. Овде започнува и своевидно една контрадикторност во постоењето на современа Турција. Имено, станува збор за земја со 75 милиони жители и висок БДП на годишно ниво, со своја геополитичка позиција на Средна Европа, а сепак, сеуште не е станата официјална членка на Европската унија.

Сепак, Турција, умешно го користи овој долг временски период на поставување на дипломатски односи низ целиот свет, односно не само во Европа и Балканот, туку и на Кавказ и на Блискиот Исток, со што успеава да го зајакне своето политичко влијание.

За современа Турција, она што е важно да се истакне е и влијанието на турската армија, која речиси 99 години ја контролира политиката во Турција, при што во дадени прилики организирала воени удари, симнувала влади, но и забранувала интегритет и позиционирање на одредени политички партии. Помеѓу последните обиди од овој домен, се истакнува забраната на АКР (Adalet ve Kalkinma Partisi) во 2007 година, односно "Партија за правда и развој", која е и денес на власт. Сепак, она што било спорно во функционирањето на оваа партија во 2007 година е заради загрозување на секуларното

уредување на земјата, кога се обидело да го спречи поставувањето за претседател на Абдула Ѓул, при што владејачката партија успева на еден начин да се "спаси" со одлука на Уставниот суд, во сооднос шест наспрема пет.

Сепак, со апсењето на голем број офицери, генерали, на крајот и на поранешниот началник на Генералштабот на турската армија, во рамките на истрагата за наводно подготвување на државен удар против демократски избраната власт, турската армија делумно го изгуби статусот делотворно да ја носи улогата на заштитник на кемализмот и секуларниот поредок на државата.

Во согласност со наведеното, за денешна Турција очевидни се три работи:

- отстапувањето на турските власти на дел од принципите на Кемал Ататурк
- нејзината реисламизација
- сè поголемото влијание на Турција на Балканот.

Од денешна, современа перспектива и проекција, Турција добива особено нови аспекти на тоа да постане во поголем дел исламска република со почитување на одредени правила и начин на живот, но сепак важно е што дозволи да не се заборават и избришат сите придобивки на Ататурковата модерна револуција. Имено, се посочува дека на Турција и претстои период на создавање на специфична синтеза на модернизмот и конзерватизмот, како и на исламот и демократијата.

2.2.1 Историја на министерството на надворешни работи во Република Турција

Надворешната работа на Република Турција се темели на вкоренета османлиска дипломатска традиција. Имено, Османлиската империја со векови владеела на широка географска површина благодарение на силната дипломатска традиција што ја користела како ефективна алатка.

До XXI век, надворешната политичка работа на земјатта ја водела Reis Ul Kitap.Тоа била институција која била задолжена за државните допишувања и водење на главната книга на државата како и надворешната работа. Во 1793 година, во времето на Селим III, првата амбасада била отворена во Лондон и првиот Османлиски амбасадор

бил Јусуф Аѓах Ефенди. На овој начин Османлиската држава била преставувана и почнала со меѓусебните односи на дипломатијата. Османлиските амбасадори кои што биле преставници во Европските земји во билатералните односи успеале да ги забрзаат реформите, како и да ги постават темелите на модернизацијата и стремежот кон Западот.

Според тоа, Махмут II ги поставил и кабинетот за преводи. Во 1836 година, поради наглото зголемување на надворешните работи титулата во Reis Ul Kitap се зголемува во надзорништво. Имено, во времето на Републиката, темелите на надворешната политика биле фрлени во годините на Националната борба. На 23 Април 1920 година, се отвара Големото Турско Национално Собрание, при што, со првата влада се формира и првото министерство за надворешни работи, наречено "Hariciye Nazirliğı".

По оформувањето на Републиката во 1923 година, големиот водач Кемал Ататурк и неговата афирмирана Турска меѓународна надворешна политика, била водена од самите зборови на Ататурк - "Мир во земјата, мир во светот". Во овој контекс, Турција во 1930-тите години, водела активна и мирна политика. По Втората Светска Војна се зголемиле потребите од надворешните економски односи со равивањето на меѓународните економски заедници.

Потребата од меѓународно политичка и економска соработка на земјата, е евидентна од повеќе аспекти, особено преку голем број на дипломатски претставништва. Во таа насока, од 1924 година, евидентирани се 39 преставништа, 142 амбасади, 13 Преставништа, 85 Главни Конзулати, како и една конзуларна Агенција и една трговска канцеларија.[36]

[36] Министерство за надворешни работи на Република Турција, https://www.mfa.gov.tr/default.en.mfa прегледано на 22.04.2021 година

2.2.2 Меѓународните политички односи на Република Турција и Република Северна Македонија (1991-2021)

Меѓународните политички односи на Република Турција и Република Северна Македонија се темелат на цврста соработка која се одвива во духот на пријателството, меѓусебното разбирање и почитување .Турција е долгогодишен пријател и стратешки партнер со одлични билатерални односи и интензивна соработка на сите нивоа. Меѓу двете држави постои отворен дијалог и волја за натамошна резлизација на проекти и сл.

2.2.3 Економски аспект

Основната сорабтка на економски план помегу Република Турција и Република Северна Македонија се темели на Договорот за слободна трговија како и со многубројните билатерални договори, акти и протоколи. Имено, Република Турција, во денешно време се наога во првите 20 држави (G20) по големина на светска економија. Во 2020 година економија на Турција е во пораст за 1,8 проценти, со што постанува втора растечка економија после Кина. За време на светската пандемија, Турција се истакна со големи стимулирачки економски мерки и ефективна монетарна политика, што всушност резултира со раст во економијата.[37]

Според наведеното, Република Турција и Република Северна Македонија се неспоредливи, а сепак се во континуирана меѓусебна поддршка и соработка.

Како надополна на наведеното, Република Македонија од нејзината независност во 1991 година е најмалку развиена држава од поранешните југословенски држави. Имено, својата макроекономска стабилност ја одржува со ниска инфлација а притоа се соочува со намалени странски директни инвестиции. Токму од овој аспект, Република Турција игра важна улога за Република Македонија.

Унапредување на еконосмската соработка се должи на странските директни инвестиции кои во Република Турција се највисоки во 2009 година со 86,630 милиони долари. Приливите се намалуваат како резултат на економскиот немир во Европа. Република Турција учествува со 4 % од вкупните приливи на странски директни

[37] Turkey Economic Monitor 5: Navigating the Waves,The World Bank, April 27, 2021

инвестиции во 2012 год.Најголемите инвеститори од Република Турција во Република Македонија се TAB кој инвестира во аеродромите со околу 100 милиони долари. Халк Банка со околу 22 милиони долари, Коч Холдинг кој го изгради Рамстор, Џевахир Холдинг градежен сектор со инвестоција околу 100 милиони долари. Суташ ја презеде Сведмилк со 10 милиони долари, Хазнедер го презеде Вардар Доломит, Лимак Холдинг градба на хотели и бизнис центар, Пера Констракшн Интернационал кој го изгради Капитол и тн.[38]

Стопанската Комора на Македонија- Турција, MATTO , предводен со Ајдован Адемовски претседател на управниот одбор (кој е исто така почесен конзул на Р.Турција во Македонија во конзуларното преставништво во Битола заедно со главениот почесен конзул Др.Омер Сулејман , сопственик на ланецот маркети Мигрос и Рамстор преку неговата компанија Сити Плаза Д.ОО како и сопственик на хотелите Стоун Бриџ и Double Tree by Hılton и.т.н), Ко-преседавач г-дин Билал Суџубаши (кој е исто така и главен извршен директор на Халкбанк АД Скопје ,г-дин Есер Џевахир (полесен конзул на Р Македонија во Едрене, член на управниот одбор на Балканскиот Универзитет и сопственик на Џевахир Скај Сити) и г- дин Имер Селмани (македонски политичар, поранешен вицепремиер и министер за здравство на Р .Македонија кој е најголем партнер на Владата на Р.Македонија во продлабочување на економската соработка со Р Турција.Во нејзината програма MATTO се стреми поголемо влијание врз деловната и инвестициската клима, како и подршка за унапредување на трговската размена со Турција и привлекување на нови Турски инвестиции .Тоа го реализира преку организирање на Б2Б средби со турски и македонски компании ,низа на саеми и сл. Слична е и улогата на Одборот за надворешни економски односи на Турција (ДЕИК) како и Светскиот Турски деловен Совет (ДТИК).

[38] Беџети Абдулменаф, Хаџимустафа Шенај(2015)„Унапредување на економската соработка меѓу Р.Македонија и Р.Турција, со посебен осврт на привлекување инвестиции“ МАНУ; ;Беџети Абдулменаф (2013)“Потенцијален и посакуван развој на Балканот преку глобална и европска развојна рамка“ Меѓународна научна конференција, МАНУ

Моралистички аспект – рамка на движење на меѓународните односи на Република Турција и Република Северна Македонија

Важно е да се посочи дека од политички и историски аспект, македонско - турските односи се особено важни за двете земји, особено ова се истакнува за Република Северна Македонија бидејќи се работи за земја економска и инвестициска ограниченост. Дополнително, Република Турција, со својата територијална распространост, геостратешка и геополитичка положба важи за една од најголемите светски сили. Имено, станува збор за земја во развој која има силно регионално и светско политичко влијание. Поради силната економска и политичка моќ, Турција игра важна улога во меѓународните односи со тоа што има способност да влиае врз развојот на одредени ситуации од меѓународно значење а со ова подразбираме дека има потенцијал да прерасне во водечки лидер што е од посебно значење за Република Македонија бидејќи со Република Турција да има поддршка како од политички, така и од економски и културен аспект.

3 МЕЃУНАРОДНИТЕ ПОЛИТИЧКИ ОДНОСИ НА РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА НА БАЛКАНОТ

Важноста, влијанието и уогата на Република Труција кон Балканот, може да се согледа од неколку аспекти, помеѓу меѓу кои:

- историскиот развој
- население со балканско потекло во Турција
- население со Турско/муслиманско потекло на Балканот
- географско стратешки односи.

Несомена и неспорна е улогата на Турците на Балканот, пред се поради владеење со овој регион во временска рамка од пет векови. Имено, овој период е и повеќе од доволен за да се изградат и вкоренат етничките, религиозните, економските и културните структури на целокупниот регионот.

Во втората глава на овај магистерски труд веќе споменавме за нејзиниот историски тек на Балканот , она што е важно да се спомени дека постојат повеќе мислења за

владеењето на Османлиската Империја на Балканот и нејзините политички односи но некои се издвојуваат ,така според Фикрет Аданир муслиманското и христијанското население на Балканот имаат еднкави привилегии но не биле приморани да ги извршуваат задачите кои важеле за муслиманското население (извршување на обреди, одење на војска и сл). Муслиманските Бошњаци како народ имаат специјално место на Балканот не само поради последната војна туку затоа што покрај турците и албанците биле најголема муслиманска заедница .Ова е неспорно заради причината што интелектуална раја на Бошњаците во Османлиската Империја завземале важни позиции затоа што и пред Османлиската Империја биле цврсто поврзани со исламот што било значајно за Османлиските султани. Многу од истражувањата преставуваат продолжение на претходните па затоа постоечките предрасуди не се скршени.Сето тоа се разјаснува бо новите заемни проекти на група балкански експерти кои со компромитирачки став повторно ги стават на испитување .Фикрет Аданир и Сураија Фарокхи на Балканската Историја гледаат со меѓународна перспектива и поставуваат тло за нов придеонес.[39] Кога гледаме на истражувањата на балканот пред нас излегуваат поимите национализам, идеолошки приоди како Марксизам ,недостигот на класификација во архивата , прашањата со јазикот. [40] Последните години на Османлиската Империја најдобро се обработени од страна на Barbara J. Suraiya Faroqhi – Establishment of the Balkan States ,1804-1920 и History of the Balkans 1983 каде што е обработен периодот од 1683 се до крајот на 19 век. Внатрешните и надворешните динамики владеењето, местото на христијаните и муслиманите.Кога големите сили за да не го расипат балансот на Европските сили ја поддржуваар Австрија а се незаинтересирани за Османлиската империја.Исто така потенцираат дека процесот на независност на Балканските народи и нивнотото настанување во држави , за разлика од другите историчари сметаат дека проблемот со Истокот и политиките на големите сили имаат големо влијание на внатрешните динамики .

Во последните триесет години не може а да не се спомене и големиот придонес во истражувањето на турската политичка историја а и истражувањата на Балканската

[39] Adanır Fıkret (2000)- „İkınci Dünya Savaşı Sonrası Balkan Tarihi yazınında Osmanli Imparatorluğu Toplum ve Bılım„ s,224-240

[40] Tokay Gül, (2004)„XIX YüzyılBalkan Kaynakları Üzerıne bır değerlendırme“, Türkıye araştırma literatür dergısi,Cılt 2 Sayı1 ,s 133-148

Историја во XIX век на научникот Илбер Ортајли, кој ја разработува модернизацијата на Османлиската Империја во вннатрешноста далеку од радикализацијата во контекст на традицијата на Османлиската Империја и дека започнува многу одамна а не за време на реорганизацијата на Османлиската Империја (танзиматските реформи).[41]Од Махмут II па се до уставните промени како во општествен ,економски и културен план, се преминува од автократски во уставен модернизам. И покрај сите проблеми што ги носи модернизмот и централизацијата се напредува во значителна мера што и остава на новата република темелен мираз. [42] Балканскиот национализам се развива во XVIII век, првично со православната црква, буржоазијата и последно со придонесот на селаните. Празнината во владеењето придонесува олеснување на влијанието на надворешните сили. Ова движење е актуелно во идеолошки и интелектуално просветлениот слој повеке одколку кај угнетените селани [43] Влијанието на западот се гледа како негативно влијание на постоечките национални движења затоа што без западната хегемонија не може да се развие и е пречка за идните проблеми кои ги налага. Во тој контекст не можеме а да не го споменеме и историчарот Халил Иналџик кој ги проучува османлиските архиви од XIX век и има големо придонес во осветлувањето на сликата која можеме да ја видиме на Балканот.

Доколку се направи увид во поширокатa рамка на Балканот во моментот, може да се констатира дека истиот претставува, на еден начин, раскрсница каде што се појавуваат интерсите на големите сили САД, Европа и Русија. Во својата надворешна политика, Република Македонија има јасна подршка од САД и од НАТО, а меѓународните аспирации на земјата се надополнети и од страна на Германија и Турција, кои во тој поглед се важен фактор. Доколку се постави подлабока анализа, всушност Европа покажува интерес на Балканот со вклучување на некои земји од Балканот во рамки на Европската унија, односно отворање на процеси за членство. Дополнително, Русија своите интереси ги манифестира преку гасоводот. Од друга страна, пак, за САД, Турција е важен фактор од аспект на нејзиното политичко и економско влијание на Блискиот Исток а и поради влијанието и добрите односи кои Турција ги остварува со Русија.

[41]Ortaylı İlber (2002),„İmparatorlugun En Uzun Yüzyılı“, Istanbul İletişim Yayınları ,
[42]Faroqhı Suraiya (2009),Osmanlı Tarıhı nasıl Incelenır , Tarıh vakfı yurt yayınları s,251
[43] Ortaylı İlber (2002),„İmparatorlugun En Uzun Yüzyılı“, Istanbul İletişim Yayınları ,,s.62-63 ,
Ortaylı İlber (2002)„ Ortodoks Klisesi, Tanzimat Döneminde Balkanlarda Ulusal Kliseler ve Rum Ortodoks Klisesi, Osmanlı İmparatorluğunda Ikstısadı ve Sosyal Değişim, Makaleler, Ankara, Turhan Kitabevi, s,269-290

Она што е важно да се посочи во односот на Турција кон Балканот но и воопшто кон Европската унија е долгиот процес на чекање на листата на земји – аспиранти кон Европската унија, од страна на Турција. Имено, за да се надмине оваа пројавена бариера, Турција ја бара својата алтернатива преку својата растечка економија и влијание во меѓународни рамки, потоа со својот воениот потенцијал, како и нови сојузи и алијанси ширум светот. Од аспект на членството во Европската унија, всушност Франција, Австрија и Германија се оние кои најмногу се спротивставуваат на нејзиното членство. Всушност, Германија, ја доживува Турција на Балканот како ривал бидејќи тоа е геостратешко место каде што се спојуваат/поклопуваат интерсите. Она што е дополнително видливо на стратешка основа е дека Германија ги подржува интересите на Хрватска, додека пак Турција на Босна и Херцеговина. Од друга страна, пак, Турција е значаен фактор за Американските интереси на Балканот.

Она што од современ аспект е видливо е дека желбата на Европската унија за примање на Балканските земји во свои рамки, се повеќе намалува. Од тука произлегува фактот што како Турција, така и Северна Македонија се обидуваат да бараат нови алтернативи и нови сојузништва, што уште повеќе доаѓа до израз во услови на ковид-19 пандемија.

Сето, погоре наведено, во голема мера влијае за прифаќање на поставената теза дека меѓународните односи на Република Турција и Република Македонија зависат од меѓународните организации и меѓународното право. Имено, Турција сака јавно да проламира и да покаже дека освен Брисел и Москва балканските земји имаат и друга алтернатива. Дополнително, Турција како геостратегиска и геополитичка сила на Балканот доминира на регионот и е центар помеѓу три континенти, Европа, Азија и Африка. Исто така, оваа геостратешка позиција на Турција е дополнително зајакнета со нејзината силна економија која секоја година бележи пораст, како и нејзината воена сила и дипломатски релации.

Економијата на Турција е во постојан пораст и бележи подем од година во година. Токму на основа на својата силна економија, Турција постанува членка на НАТО сојузот, како и поради фактот што Турција располага со најсилната армија во регионот.

Интересно е да се посочи дека Турција негува особено доследна дипломатија на Балканскиот простор, што е особено интересно и покрај долгите векови на владеење на овој простор, односно според некои теоретичари, всушност, станува збор за оживување на митот на Отоманската империја.

Од стратешка гледна точка, всушност за Турција, Западен Балкан претставува нејзина спона со Европа и притоа настојува преку влијанието во овој регион да создаде подобри услови за да се намали портебата од Брисел за нејзиното приклучување кон Европската унија, како и желбата на нејзините жители за влез во Европската унија секоја година е сè помала.

Според податоците на „Еуробарометар“, во 2004 година, пристапувањето на Турција кон Европската унија било поддржано од страна на 62% од граѓаните, а во 2010 година само 42% од населението сакале Турција да биде приклучена кон Европската унија. За период од шест години, се манифестира пад од 20% во однос на поддршка на иницијативата за приклучување на Турција кон Европската унија.

Несомнено е дека балканските земји со својата гео-политичка положба претставуваат т.н. „врата кон Европа“ за Турција. Сепак, покрај тоа, стабилноста на Балканот за Турција е од особен интерес. Како најголема економска и воена сила на Балканот, Турција настојува да создаде потполно влијание во земјите во регионот, првенствено преку дипломатијата, економијата и, секако, военото присуство. Дополнително, сето тоа е евидентно и при факто што Турција уважува активна вклученост во сите спорови на Балканот, со влијанието врз земјите кои го немаат признато Косово, тоа да го направат и преку нудењето на турскиот премиер Ердоган за помош во разговорите помеѓу Белград и Приштина, со цел подобрување на односите. Во стратешката поставеност на надворешната политика на Турција е образложението дека на тој начин Турција, преку својата инволвираност, придонесува за поголема безбедност на Балканот.

Особено буди позитивен интерес во Република Северна Македонија и Балканот, влијанието на Турција со помош на фондацијата ТИКА (Турска агенција за соработка и координација), Фондацијата Мариф и YTB, кои влијаат преку поддршка и спонзорство

на голем број на проекти, манифестации и вложувања за креирање на подобри и просперитетни општества.

Имено, Турција без да прави разлики помеѓу етничките заедници, ги прифаќа сите етнички заедници како една целина, а со тоа го покажува најдобриот пример на пријателство. Токму надворешната политика на Турција кон Балканот се заснова на таа максима. Република Северна Македонија, како и Босна и Херцеговина се всушност општества кои се засноваат на својата мултиетничка основа. Дополнително, во Република Северна Македонија, постоечки е и Рамковниот договор кој опфаќа и подобра позиција на малцинствата во општествениот, политички, економски и социјален живот во земјата на основа на нивната процентуална застапеност, севкупно но и на регионално ниво.

Она што е исто така, особено интересно за анализа е дека корените на ова влијание на Турција во Балканот, се евидентирани и со доминацијата на Османлиската држава на овие простори, како и дополнително со давањето значење на културната разновидност и водење политики кои ќе ја поддржат хармонијата на етничката и културната разновидност. Имено, сето тоа се елементи кои ја зајакнуваат раката на Турција, на основа на што и во денешни, современи рамки, Турција опстојува сво своето влијание на овие простори.

Кога се споменува влијанието на Турција врз Балканот како и меѓусебната соработка која постои помеѓу овие општества, се истакнува и влијанието на Турција во Блискиот Исток, исто така преку спроведување на конструктивни политики.

Сепак, кога станува збор за односот на Турција кон Балканот, се земаат во предви два клучни принципи на основа на кои се поставуваат односите: (1) регионална сопственост и (2) инклузивност. Всушност, Турција речиси со сите балкански земји воспоставува транспарентни односи кои се засноваат на инклузивноста и принципот "добивка-добивка". Она што е евидентно, е дека Турција се обидува да води морална и јасна надворешна политика и нејзин приоритет е секогаш стабилноста на земјите каде што живеат сонародниците.

Влијанието на Република Турција во Балканот, освен со невладините организации кои помагаат да се изучува Турскиот и Османлискиот јазик, исто така се увидува и при помошта за државните училишта кои водат настава на Турски јазик, да се

снабдат со соодветна литература за настава на Турски јазик, како и добивање на помош за реализација на наставата од страна на наставниот кадар, во однос на патните трошоци и слично. Дополнително, се стипендираат студенти од Балканот за образование во Република Турција. Така например, како надополна, според официјални податоци во моментот во Турција има 130 илјади ученици, од кои 17 илјади се со стипендии на YTB.[44]

Исто така, Турција има свои фондови кои редовно ги издвојува за реставрирање на културно-историските објекти, џамии, мостови , куќи кои се од значаен аспект како културно наследство од Османлиската Империја.

Филмската индустрија на Република Турција е исто така еден од особено важните аспекти на влијание во Балканот. Имено, надворешната политика на Република Турција се темели на две одлики:

- да ги сочува веќе постоечките граници и да ја искористи западната економија, наука и цивилизација;
- да ги запази односите со земјите од Среден Исток.

Всушност, на основа на погоре-наведеното, од современ аспект, евидентно е дека Турција стана земја која од блиску ги прати напредоците на светската политика, како и игра особено важна улога во меѓународната политика, со што го проширува својот домет на основа на погоре-посочените фактори.

Република Трупија го зацврстува своето влијание на Балканот преку развиен пазар кој може да се натпреварува со Европските земји. Сопоред тоа, несомено е значајна улогата на Турција во севкупната надворешната политика, така што покрај тоа што претставува мост помеѓу државите, исто така постанува и центар за многу од истите, од социо-економски, културен и политички аспект.

[redacted] Осврт на Меѓународните политички односи на Република Турција на Балканот (1991-2021)

[44] Абдулах Ерен, претседател на Претседателството на Турците во странство и сродните заедници (YTB), во неговиот говор на панел дискусијата за надворешната политика на Р.Турција во Балканот

При увид на политичкото влијание на Република Турција на Балканот, се увидува една подолга временска рамка на делување, на еден начин "распослана" помеѓу денешните услови и мирасот на минатото. Имено, неспорно е дека сите политички настани на Балканот имале удел во формирањето на Турската политика. Сепак, Република Турција во секој период на нејзината надворешна политика се обидувала цврсто да ги одржува нејзините политички, економски, историски како и културни врски.

Според наведеното, вниманието кое што Република Турција го посветува кон Балканот е важно затоа што Балканот преставува мост помегу Турција и Источна,Средна и Западна Европа. Она што во овој домен се истакнува е дека и во двете средини постојат турски и муслимански фактори на влијание. Дополнително, исто така се должи и на економскиот потенцијал на земјите. Следствено, од несомнено и повеќекратно значење е улогата на Република Турција да ја сочува стабилноста на Балканот.

Економски аспект

Економските аспекти на Република Турција на Балканот, се евидентирани и во пошироки рамки, преку низа на глобални влијанија, како и преку севкупен систем на експлоатација на ресурси. Сепак, сето тоа е во насока за севкупен бенефит и на самата земја и нацијата. Односно, политиката на претседателот Ердоган е за тоа да се обезбеди интегрирање на турските здруженија, фондации и организации од приватниот сектор со светот во различни рамки, како и истите да ги направи ефективни на меѓународното поле, се' во насока на тоа да им помогне на жртвите и угнетуваните од светот.

Првиот хаос предизвикан од потрагата по нов поредок во меѓународните односи се случува во 1990-тите во Југославија. Со распадот на Југославија, се помнат масакрите што доведоа до геноцид во Босна и Херцеговина. Тука, најмногу се увидува влијанието на турските невладини организации во Босна и Херцеговина кои биле организирани на терен пред многу други држави.

Како надополна на наведеното, Турција со институциите, како што се Турската агенција за соработка и координација (ТИКА), Турската агенција за управување со

катастрофи и вонредни состојби (АФАД), Турската дирекција за верски работи (Дијанет), турската Црвена полумесечина „Кизилај“ и Турската хуманитарна организација „ИХХ“ продолжува да им помага на сите што имаат потреба. Успесите кои се постигнати на овие простори од страна на овие турски здруженија и фондации се неспорни и неминовни.

Евидентно е дека се’ до осумдесетите години на дваесетиот век, турската надворешна политика се заснова два принципи: (1) прозападен принцип и (2) мантиревизионистичкиот принцип, кои се воспоставени уште за времето на Кемал Ататурк. Имено, со воениот удар во 1980 година, Турција почнува да се реисламизира, а со тоа почнува и промената на курсот на надворешната политика. Во овој контекст, може да се воочи и одредено редефинирање кое настанува во овој период, а се однесува на односите на Турција кон поранешна Југославија.

Дополнително, се говори за промена на политиката кон одредени земји на Балканот, како на пример кон Србија, посебно по избивањето на војните во 1990-тите години.

Турското влијание и делување кон Балканот може да се подели на два периоди: период пред 2000 година и период после 2000 година. Имено, за време на избивањето на конфликтите на просторите на поранешна Југославија, турската активност била насочена на давање помош на државите кои сакале да се одделат од Југославија, посебно на Босна и Херцеговина, каде поддршката била главно во вооружување на армијата на Босна и Херцеговина, нејзината обука и логистичката поддршка. Во овој домен, особено позитивно се издвојува и влијае и членството на Турција во НАТО. Сепак, на овој начин Турција и директно со свои авиони учествуваше и во бомбардирањето на позициите на босанските Срби во 1995 година.

Она што е евидентно за периодот по 2000 година, е тоа што турската дипломатија го интензивира своето делување со цел воспоставување подобри односи со сите земји на Балканот. Во овој аспект, политиката која ја води Турција за своето продирање и

претставување во овој регион е, пред се, преку дипломатски, економски, воени и културни активности во самиот регион.

Постои евидентен список, кој се однесува на дипломатска активност на турски државјни од 2009 година:

- Премиерот Реџеп Ердоган,
- претстедателот Абдула Ѓул,
- министерот за надворешни работи Ахмет Давутоглу,
- високи воени претставници.

Сите тие, во голема мера имаат придонесено за позитивно влијание, ширење на пријателски дипломатски односи и поддршка на Балканост преку своите интервенции. За тоа сведочат голем број на реализирани поседи од 2009 година, во различни балкански земји, помеѓу кои: Албанија, Црна Гора, Романија, Босна и Херцеговина, Македонија и Косово.

Во контекст на погоре наведеното, посебен успех претставува потпишувањето на Истанбулската декларација помеѓу Турција, Србија и Босна и Херцеговина во 2010 година, што влијае и на подобрување на односите на Турција со Србија, воедно нарушени во 1999 година, поради директно учеството на турски авиони во бомбардирањето на Србија од страна на НАТО.

4 БИЛАТЕРАЛНИТЕ ОДНОСИ НА РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА И РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

За Република Турција, Република Северна Македонија преставува една од најважните Балкански земји. Сето тоа се должи од повеќе аспект, а пред се на основа на историските, културни и демографски вредности кои вијаат за негување на нејзината безбедност и суверенитет. Дополнително, значителн број на турско население кое живее на оваа територија, се исто така важен фактор за нејзиниот интерес.

Од историски аспект, започнувајки со освојувањето на Македонија од страна на Османлиската империја па се до 1912-1913 година, Македонија е последната земја што се одвојува од Империјата. Со пропаѓањето на СФРЈ, Македонија во 1991 година ја стекнува својата независност, а Република Турција е токму таа што после Република Бугарија прва го признава нејзиниот суверенитет, на 6ти Февруари 1992 година.

Низ овие временски перспективи, се до денешни рамки, овие две земји ги негуваат своите економски, дипломатски, воени и образовно-културни вредности.

[redacted]Економски односи

Од особена важност е да се увиди економската размена и меѓусебни остварени односи помеѓу Република Турција и Република Северна Македонија, од современа перспектива. Според тоа, во рамки на Табела 1, Табела 2 и Табела 3, се проследуваат податоци кои ја откриваат моменталната состојба на трговска размена помеѓу Северна Македонија и останатите земји во Европа, со осврт на остварената економска размена (увоз и извоз) со Република Турција.

Според проследените податоци во рамки на Табела 1, претставени се официјални податоци, сатистички обработени, кои се однесуваат на табеларен приказ на земјите со кои Република Северна Македонија во изминатите две последователни години (временска рамка 2020 – 2021), има остварена трговска размена (според градиција). Според податоците, евидентно е дека во однос на остварениот увоз, соработката во најголема застапеност е со Велика Британија и истата е речиси удвоена во однос на 2020 година со

2021 година. На последно место, во рамка од десет земји е Романија, додека пак Турција е на шесто место во однос на реализиран увоз. Сепак, се увидува дека во однос на 2020 година со 2021 година, трговската размена е зголемена за 180.192 илјади долари.

Табела 1: Земји со најголем обем на трговска размена со Република Северна Македонија (Увоз)

Земја	2020 (илјади $)	2021 (илјади $)
Велика Британија	1.358.360	2.018.547
Германија	928.033	1.158.781
Грција	516.064	868.586
Србија	638.463	778.029
Кина	599.565	760.184
Турција	444.999	625.191
Италија	387.757	493.044
Бугарија	353.760	485.217
Полска	243.513	339.996
Романија	212.713	297.449

Извор: Државен завод за статистика

Според проследените податоци во рамки на Табела 2, исто така се претставени официјални податоци, во однос на реализираната трговска размена помеѓу европски земји и Република Северна Македонија, но овој пат со фокус на извоз. Според добиените податоци, кои пак се претставени за временска рамка од две години (2020 – 2021), се увидува дека на прво место е евидентирана во најголема мера трговска размена на Германија, додека пак со Турција е евидентирана трговска размена во однос на извоз, од

најмал обем во однос на останатите земји во табеларен приказ од десет години. Сепак, станува збор за први десет земји со кои се остварува соработка во однос на извоз, што остава значително ниво на економска и трговска поддршка помеѓу земјите.

Она што е особено важно да се констатира, во однос на реализираната трговска размена со Република Турција, е тоа што од 2020 година до 2021 година, извозот е зголемен (од 97.669 илјади долари, до 151.241 илјади долари), што е особен подем.

Табела 2: Земји со најголем на трговска обем на размена со Република Северна Македонија

(Извоз)

Земја	**2020 (илјади $)**	**2021 (илјади $)**
Германија	3.128.534	3.830.027
Бугарија	311.117	396.324
Косово	267.552	357.332
Србија	255.637	344.493
Унгарија	197.210	251.651
Италија	163.936	245.240
Грција	200.337	243.237
Велика Британија	162.438	210.820
Кина	163.685	183.439
Турција	97.669	151.241

Извор: Државен завод за статистика

Според приложените податоци во рамки на Табела 3, прикажана е трговска размена на раст, увоз и извоз, помеѓу Република Турција и Република Северна Македонија, за временска рамка од 10 години (од 2012 до 2021). Според официјалните податоци, статистички обработени, се увидува дека од 2012 до 2021 година има значително зголемување на остварениот увоз и извоз помеѓу двете земји. Дополнително, во 2021 година се увидува за 40,5% раст во однос на увозот од Турција (2021 во однос на 2020 година), а 54,9% раст на извозот (2021 во однос на 2021 година). Дополнително, доколку се направи споредба на рамка на реализирана трговска размена (увоз и извоз) во временска рамка од десет години, тогаш се увидува дуплирање на остварени соработки (во распон од десет години).

Табела 3: Трговска размена со Република Турција (по години)

Година	**Увоз (илјади $)**	**Раст (%)**	**Извоз (илјади $)**	**Раст (%)**	**Обем (илјади $)**
2012	323.952		66.811		390.762
2013	314.494	-2,9	71.680	7,3	386.174
2014	374.073	18,9	67.510	-5,8	441.583
2015	319.442	-14,6	73.384	8,7	392.826
2016	349.265	9,3	70.721	-3,6	419.987
2017	367.198	5,1	88.596	25,3	455.794
2018	425.513	15,9	96.167	8,5	521.680
2019	452.747	6,4	87.121	-9,4	539.868
2020	444.999	-1,7	97.669	12,1	542.668
2021	625.191	40,5	151.241	54,9	776.432

Извор: Државен завод за статистика

Погоре посочените податоци се значителен показател за реалната трговска размена помеѓу Република Македонија и Република Турција, во временска рамка од една деката, со забележат увид на пораст на увозот и извозот во последната година која е земена во

предвид за анализа (2021). Сето тоа дава позитивна основа за идните остварени односи на економско-трговска верска помеѓу двете земји, што во голема улога ќе придонесе за поттикнување на повисоко ниво на економска стабилност на македонското општество.

Според официјални податоци, од 1997 година до 2017 година странските инвестиции во Северна Македонија изнесувале 4,7 милијарди евра. Притоа, најголеми директни инвестицци во овој период се дојдени од Холандија, а потоа следат Австрија, Грција, Словенија и Унгарија, а од 2015 година на шесто место по странски директни инвестиции се појавува Турција од каде од 1997 година до 2017 година влегле 252,3 милиони евра.[45]

Она што е евидентно во оваа рамка е дека и покрај тоа што се забележува значаен тренд на раст во последната декада, сепак се увидува дека сеуште постојат сектори со потенцијал на соработка кој сеуште не е искористен.

Всушност, кога се говори за стратешката позиција на соработка помеѓу Турција и Северна Македонија, се изведува заклучок на основа на достапни податоци низ годините дека Република Турција, по однос на странските директни инвестиции, е најголем странски инвеститор во Северна Македонија од земјите надвор од ЕУ. Како надополна, според официјални податоци, од Република Турција во Северна Македонија се регистрирани 1013 правни субјекти, има 48 регистрирани подружници, во нив се вработени 4.109 лица, со вкупна актива од 392 милиони евра. Сето ова е од особена важност, пред се, бидејќи странските инвестиции во Северна Македонија се единствен мотор кој може на краток рок да го зголеми економскиот раст. Всушност, станува збор за капитал од приближно 390 до 400 милиони евра.

Во контекст на подобрување на економските односи на соработка помеѓу Турција и Северна Македонија, особен прилог има и Договорот за слободна трговија помеѓу двете земји кој е во сила повеќе од 20 години и кој е потребно дополнително да се ажурира, со

[45] Турција е најголем странски инвеститор во Северна Македонија од земјите надвор од ЕУ https://www.aa.com.tr/mk/%D0%B прегледано на 12.04.2022 година

опфаќањето и на земјоделските производи и услужните дејности. Притоа, сето тоа се очекува да влијае на новите инвестиции, како и ќе допринесе за да се достигне и ниво од една милијарда долари во взаемниот трговски обем.

Реална поддршка е дека приближно 50 турски компании инвестирале во Северна Македонија преку извоз на капитал од Турција, кои овозможуваат вработувања на над 5.000 работници. Доколку се направи увид во внатрешните аспекти на инвестирање и можности, се посочува дека посебен интерес при инвестирањето се покажува кон дејностите на производство и дистрибуција на соларна енергија, изградба на брани и хидроцентрали, изградба на дистрибутивна мрежа за природен гас, болници, автопатишта-мостови, изведба на пречистителни станици и друго. Исто така, постои голем потенцијал за соработка во областа на одбрамбената индрустрија, пред се бидејќи Северна Македонија и Турција се сојузници и стратешки партнери и во НАТО сојузот.

Во однос на поддршка на македонско-турските односи, особено во домен на економијата, се истакнува и важноста и релевантноста на одржување на македонско-турските бизнис односи. Помеѓу досега одржаните особено со успеси се истакна македонско-турскиот бизнис форум, одржан во Бурса во 2012 година, на кој присуствуваа 400 компании од текстилната, прехранбената и автомобилската индустрија, градежништвото и земјоделството. За време на овој форум во Бурса е потпишан и протокол за соработка меѓу Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони на Македонија и Дирекцијата на организираните индустриски зони на Турција. Протоколот предвидува размена на искуства и информации меѓу дирекциите и 19-те оператори на зоните во Турција, што се увидува како особено корисно и од денешна перспектива.[46]

Всушност, севкупното инвестирање на Турција во Република Северна Македонија е со амбициозна агенда но и се поголем интерес од страна на турските бизнисмени, се' во насока на зајакнување на трговската соработка како и создавање на услови за инвестирање во различни сектори.

[46] Македонско-турски бизнис форум во Бурса: Македонија вистинска адреса за турските компании https://vlada.mk/node/1715?ln=en-gb прегледано на 20.04.2022 година

Она што е важно е дека веќе меѓународната бизнис заедница, особено турската, ги препознава и цени суштинските реформи на деловното окружување во рамки на македонското општество, како и поволностите кои се нудат во континуитет и обезбедување на високо ниво на поддршка во реализација на инвестицитите и деловните потфати.

Како надополна на наведеното, од аспект на тековните деловни и инвестициски соработки, македонската компанија „Сити плаза“, новиот сопственик на Рамстор Македонија” во чиј состав влегуваат шопинг центарот „Рамстор мол“, како и синџирот маркети „Рамстор“, се очекува во следните пет години ќе инвестира повеќе од 105 милиони евра во проширувањето и развојот на оваа компанија. Имено, станува збор за официјална инвестициска програма за „Рамстор Македонија“ за периодот од 2021 година до 2025 година. Исто така, се истакнува и идно стратешко партнерство помеѓу компанијата „Сити плаза“ и холдингот „Мигрос“ од Република Турција, во чии рамки се предвидува обезбедување на франшиза на трговската марка „М“ за балканскиот регион, што ќе овозможи пристап и до други странски пазари, на кои покрај „Рамстор“ ќе се вклучат и други македонски и турски производители. Дополнително, се предвидува и модернизација на логистички центар „Рамсторе“ на површина од над 25 илјади м2, изградба на нов административно-деловен простор, инвестиции во погон за преработка и пакување на прехранбени производи, како и изградба на фотонапонска централа од 5 мегавати во Кочанско. Она што е од особена важност за Република Северна Македонија и нејзината економско-социјална состојба, е тоа што проекти од овој вид всушност влијаат и на зголемување на стапката на вработеност како и подобрување на економските стандарди на македонскиот народ. Поконкретно, во овој случај, компанијата „Сити плаза“, не само што ќе ги задржи сите вработени, дополнително се планира со новите инвестиции да се отворат и дополнитени 700 работни места во сите сектори од работењето на друштвото, при што вкупната вредност на планираните инвестиции се очекува да изнесува 105,2 милиони евра.

Граѓаните од турската зедница се важна алатка на поврзување на традиционално исклучително доброто пријателство и одлична соработка меѓу Република Северна

Македонија и Република Турција. Овие две земји континуирано вложуваат во развојот на билатералните односи и пријателства и претставуваат пример за тоа како треба да се соработува во регионот и пошироко. Најдобра илустрација е токму присуството на голем број турски инвестиции во македонското општество. Притоа, она што е од особена важност е тоа што турските инвестиции не учествуваат само во визибилниот аспект на економија, преку трговски центри, маркети и станбени згради, туку се очекува и инволвираност во рамки на секундарната гасификација во земјата, проект вреден 300 милиони евра; како и идни инвестиции од страна на турски компании во рамки на изградба на железниците, што посочува на стратешко партнерство помеѓу двете земји.[47]

Од сегашна перспектива на соработка, во следен период (март 2023 година) се очекува отворање на нов трговски центар. Станува збор за интегрален дел од мултифункционалниот комплекс "Diamond of Skopje", лоциран во строгиот центар на Скопје. Имено, компанијата „Лимак" инвестира 250 милиони евра во изградбата на овој проект, а покрај големиот трговски центар, дел од него се и хотелот со пет ѕвезди Limak Skopje Luxury Hotel, четири станбени кули со 772 станови, деловен центар, уредена зелена површина од 11.000m² и затворен паркинг простор за 3.200 возила.

Проектот Diamond Mall, располага со 180 продавници со вкупна површина за закуп од 48.000m², како и зона за забава (Dream Zone) со површина од 7.000m², што е повеќе од кој било друг трговски центар во земјата и пошироко. Проектот е надограден и со едукативни и забавни содржини наменети за различни возрасни групи, од деца од најмала возраст до млади, како и дел кој се однесува на услуга со храна.[48]

Она што е важно и се истакнува во групацијата „Лимак" како инвестиција, е тоа што во нејзиното портфолио се опфатени и повеќе од сектори на вложување, помеѓу кои

[47] Компанијата „Сити плаза" ќе инвестира над 105 милиони евра во развојот на „Рамстор Македонија" https://inovativnost.mk/2021/04/ / прегледано на 21.04.2022 година

[48] Започна финалното одбројување до големото отворање на Diamond Mall – новиот трговски центар во строгиот центар на Скопје https://inovativnost.mk/2022/03/30/%D0%B7%D0%B прегледано на 23.04.2022 година

градежништво, енергетика, туризам, инфраструктура и други дејности. Дополнително, „Лимак“ е компанија, рангирана на 56 место на листата на 250 најдобри градежни компании во светот за 2021 година, од страна на Engineering News Records (ENR).

Како една особено важна инвестиција која се реализирала помеѓу Турција и Македонија е всушност преземањето на 20 годишното управување со аеродормите во Македонија согласно Договорот за концесија склучен со македонската Влада, од страна на Турски ТАВ. Преку овој, стратешки важен договор, ТАВ се обврзува на инвестиција од 200 милиони евра во модернизација и изградба на скопскиот аеродром „Александар Велики“ и на охридскиот „Св. Апосотол Павле“. Исто така, се предвидува и изградба на карго аеродромот во Штип. Исто така, концесионерот на скопскиот аеродорм се обврза на изградба на нова терминална зграда од 40.000 метри квадратни, продолжување на полетно-слетната патека за 500 метри; изградба на паркинг за автомобили; пристапен пат со нова клучка; инсталирање на системи за навигација; изградба на потребната комунална инфраструктура; противпожарна станица и паркинг за воздухоплови, како и соодветна опрема за правилно функционирање на аеродромот во согласност со постоечките меѓународни стандарди.[49]

Џевахир скај сити (Кулите Џевахир) се особено препознатлива турска инвестиција во Република Северна Македонија. Станува збор за највисок изграден комплекс во Скопје, но и на целата територија на земјата. Изградбата на комплексот започнала во 2011, со очекување на нејзино привршување. Тоа е модерен станбен комплекс од четири 40-катни кули и центар што нуди нови најсовремени капацитети, совршена услуга и нов поглед на Скопје. Во своите рамки функционира со над илјада и триста апартмани.[50]

Како што е погоре споменато, инвеститор на овој проект е турската компанија Џевахир холдинг, низ неговата фирма - сателит Турк-Мак. Имено, оваа инвестиција отвори целосно нов хоризонт и визии во врска со начинот на кој треба да се доживее градежништвото во земјата, како позитивен пример за останатите инвеститори но и

[49] Cevahir Sky City, ТАВ треба да го преземе управувањето со аеродромите во Македонија, https://www.caa.gov.mk/2010/03/01/%D1 прегледано на 18.04.2022 година
[50] http://cevahirskycity.mk/ прегледано на 15.04.2022 година

сектори. Сето тоа е во знак на избор на софистициран изглед, но и современи технологии и материјали кои гарантираат безбедност и добросостојба.

Образование и култура

Евидентна е соработка и во домен на области како што се образованието и културата. Во контекст на тоа, потребно е да се спомене и континуираното и активно функционирање на Турскиот културен центар "Јунус Емре" во Скопје, од своето основање во 2010 година. Овој центар, активно работи и функционира низа на годиним преку голем број на организирани активности на начин на кој се промовираат позитивни вредности и турската цивилизација.

Преку ваков вид на центри се афирмира "културна дипломатија" помеѓу двете земји, како и промоција на турскиот јазик, турската култура, историја и уметност. Дополнително, овој центар ги промовира и достигнатиот напредок и големи достигнувања во областа на економијата, науката и на интелектуален план.

Во официјално спроведено интервју на директорот на институцијата професорот д-р Мехмед Самсакчи, всушност, Скопје е еден од најкритичните и најстратешките точки на Балканот, па дури и на Европа. Исто така, тој ја истакнува соработката на високот ниво помеѓу Центарот и други особено важни институции во земјата, помеѓу кои Министерството за внатрешни работи, Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана, Халкбанк и ТАВ. Исто така, овој центар е носител на историските и актуелните вредности, уметноста, знаењето, мудроста на Турција во Македонија. Често пати тоа се реализира преку носење на лица и организации од Турција кои учествуваат во активностите на истакнати меѓународни организации во Северна Македонија, а сето тоа овозможено од Турскиот културен центар "Јунус Емре" во Скопје.[51]

Од социо-културен, како и од образовен аспект важно е да се посочи градот Скопје но и целата земја, се традиционално поврзани со Турција и воопшто не се непознати за овој народ и турската цивилизација.

[51] Турскиот културен центар"Јунус Емре" во Македонија ја промовира турската цивилизација, https://www.aa.com.tr/mk/%D0%BA%D1% прегледано на 23.04.2022 година

Во рамката на образование, а кога се говори за начинот на соработка помеѓу Турција и Северна Македонија, во различни сектори, постојат институции кои делуваат во овој домен. Кога станува збор за училишна институција, тоа е училиштето „Јахја Кемал“, воедно приватно средно училиште во Република Северна Македонија. Ова средно училиште е основано во 1996 година во Скопје со акт на Министерството за образование и наука на Република Македонија во соработка со организацијата-основач а потоа се проширува и во други делови на градот и земјата: Автокоманда, Скопје (основано 1996); Гостивар (основано 1999); Струга (основано 2002); Бутел, Скопје (основано 2007); Струмица (основано 2010) и Боговиње, Тетовско (основано 2011). Симболично, училиштето го носи името на својот патрон, турскиот поет Јахја Кемал Бејатли, кој е роден во Скопје во 1884 година.

Својот придонес во функционирањето на ова училиште, се увидува во фактот што учениците да се образоваат како поединци, кои ќе ги следат принципите на љубовта, толеранцијата, мирот, хармонијата и демократијата, а истото се однесува и на професорите и персоналот на училиштата „Јахја Кемал“.[52]

Придонес од соработката со Република Турција се увидува и преку функционирањето на реномираниот Меѓународен Балкански универзитет, кој е основан во 2006 г. од страна на Фондацијата за образование и култура „СКОПЈЕ“. Имено, овој Универзитет е основан, како единствен и непрофитабилен универзитет во Република Северна Македонија. Уникатноста во функционирањето е во фактот што Универзитетот се наоѓа се во срцето на Балканот, а притоа се придонесува со позитивни можности за студирање со сите студенти од регионот, вклучувајќи ја и Турција.

Според наведеното, станува збор за мултинационална, мултирелигиозна и мултикултурна институција, во чии рамки се предава и учи на англиски јазик. Програмите се структурирани на начин на кој се овозможува да се даде одговор на постоечките сегашни и идни предизвици во земјата, Европа и светот, односно во глобални рамки. Она што е од особена важност, е тоа што Универзитетот функционира на основа на стипендии доделени за студентите, со што постанува особено прифатлив и посакуван како идна

[52] Yahya Kemal College https://www.ykc.edu.mk/ прегледано на 24.04.2022 година

дестинација на студирање, а исто така на овој начин особено се придонесува и за македонските студенти, но и ексклузивни можности за турските студенти.[53]

Потребно е да се спомене и влијанието во образовниот систем и креирање на успешни кадри за справување со идните предизвици, преку делување на Меѓународен Универзитет Визион на територијата на земјата. Универзитетот е формиран во 2014-та година и работи врз основа на Законот за високото образование на Република Северна Македонија, со изведување на настава на Македонски, Турски и Англиски Јазик.

Станува збор за Универзитет кој во своето делување ги интегрира светските практики и мултикултурниот дух во едно. Од особена важност е што овој турски универзитет, исто така влијае на истакнување на зачуваните вредности од богатата културна историја и нивното опстојување како вечно наследство.

Токму овие вредности остануваат постојан предизвик за сегашноста и иднината како стремеж за позитивна афирмација на македонското општество. Всушност, преку функционирањето на Меѓународен универзитет Визион, се увидува дека тој претставува значајна алка во синџирот на достигнувања во образовната, научната и културната архитектура на современото мултикултурно општество.[54]

По своето функционирање во македонското општество, особено интерес буди турската фондација ТИКА – Турска агенција за соработка и координација. Станува збор за Агенција која низ изминатите години, особено придонесува за развој и просперитет на македонското општество. Имено, ТИКА интензивно помага во реализација на општествено важни проекти од различни категории, опфаќајќи различни целни групи на граѓани, децата, болните и сиромашни. Во таа насока, од почетокот на своите активности во Република Северна Македонија има реализирано околу 1.000 проекти.[55] Проектите, во најголема мера се во домен на образованието, здравството, унапредување на земјоделството, сточарството и руралниот развој, како и зајакнување на

[53] International Balkan University https://www.ibu.edu.mk/ прегледано на 24.04.2022 година
[54] Историјат на Универзитетот https://www.vizyon.edu.mk/yonetim/universite-tarihcesi/mk прегледано на 13.04.2022 година
[55] Турската агенција за соработка и координација –ТИКА донираше бесконтактни термометри и дезифициенти за детските градинки
https://www.mtsp.gov.mk/covid-19-ns_article-turskata-agencija-za-sorabotka-i-koordinacija-tika-donirashe-beskontaktni-termometri-i-dezificienti.nspx прегледано на 12.04.2022 година

административните и граѓанските инфраструктури, но и развој на институционалниот капацитет, од социјалната и културната соработка до заштита на културното наследство.

Како надополна на наведеното, ТИКА, ги започнува своите активности во земјата во рамките на протоколот за соработка потпишан меѓу владите на Турција и Северна Македонија во 2005 година.

Како сегмент за надополна на наведеното, во сферата на образование, ТИКА одигра клучна улога во развојот и унапредувањето на регионално ниво, а особено со обновување на инфраструктурата на основните училишта „Мустафа Кемал Ататурк“ во центарот на градот Гостивар и во селото Јукари Баница во Гостивар, како и нивно опремување, создавајќи модерни образовни згради во кои се школуваат скоро 2.000 ученици на турски јазик. Сето ова спаѓа во домен на проект насочен кон капацитети за изградба на едно училиште во секое турско село во источниот регион на Северна Македонија. Дополнително, ТИКА во Дебар спроведува и проект за изградба на средно училиште на површина од 5.400 квадратни метри, составено од 29 училници, лаборатории за природни науки, библиотека, сала за состаноци и административни канцеларии, уредувајќи го притоа и дворот на училиштето.

Во рамки на наведеното, ТИКА при своето делување во македонското општество, Има обновено 24 и изградено 16 нови основни и средни училишта, а исто така ги реновирала и ги опремила одделите за туркологија на универзитетите во Северна Македонија, обезбедувајќи им можност за школување на приближно 17.000 ученици.

Проектите на ТИКА се особено корисни и во наставниот процес и програма, бидејќи во нивни рамки се организираат и посети и патувања во Турција, со цел запознавање со историското и културното богатство на Турција.

Во домен на здравството, ТИКА има снабдено градинки со потребни материјали за дезинфекција и други образовни институции, особено како дел од мерките за спречување на проширување на коронавирус (Ковид-19). Исто така, оваа Агенција со својата инволвираност и финансиска поддршка, овозможи обновување на инфраструктурата на здравствени центри, возила за итна помош за транспорт на пациентите и за медицинска опрема. Како надополна во однос на проектите на ТИКА во рамки на здравството, а со цел да се намали смртноста кај новороденчињата, ТИКА го реновираше и го опреми

Ургентниот оддел на Клиниката за детски болести, кој е дел од скопската Државна болница „Свети Кирил и Методиј“.

ТИКА, во свои рамки опфаќа реализација и на проекти за зголемување на квалитетното производство на храна во Северна Македонија, а пред се преку поддршка семејни бизниси кои што имаат за цел намалување на невработеноста и спречување на миграцијата од руралните области. За таа цел, делувањето на оваа Агенција е евидентно во 80 села во руралните области на Северна Македонија, како и во 1.000 земјоделски семејства на кои им е потребна помош, поставувајќи стаклености во кои зеленчукот може да се одгледува преку целата година, без оглед на климата. Исто така, во рамки на проект за развој на пчеларството и пчелни производи, од страна на ТИКА Е обезбедена неопходна обука и поддршка во опрема за модерно пчеларство на 200 семејства од различни етнички групи, првенствено турско и македонско, кои живеат во различни региони на Северна Македонија.

Од особена стратешка важност е тоа што ТИКА обезбедува споделување на искуството на Република Турција, онаму каде што е најмногу потребно во македонското општество. Следствено, се влијае на зајакнување на административната инфраструктура, со цел истата да работи на зголемувањето на физичките и услужните капацитети во домен на јавните институции во земјата.[56]

ТИКА, има поттикнато и спроведено низа на проекти за идентификација, класификација, зачувување и пренесување во дигитален формат на примероци од архивските материјали, како што се документи, записи, тетратки и ракописи пронајдени на Балканот и во земјите од Источна Европа, каде што Османлиите владееле речиси 500 години.

[56] ТИКА со спроведените 500 проекти во Северна Македонија ја подаде пријателската рака на Турцијаhttps://www.aa.com.tr/mk/%D0%B1%D0%B0%D0%BB%D0%BA%D0%B0%D0%BD/%D1%82%D0%B8%D0%BA%D0%B0-%D1%81%D0%BE прегледано на 15.04.2022 година

Билателарни односи од политички аспект

Дипломатските односи меѓу Република Северна Македонија и Република Турција се воспоставени на 26 август 1992 година. Станува збор за билатерална договорна рамка која низ годините се повеќе се проширува, на основа на отворање на повеќе полиња за соработка помеѓу двете земји.

Првично, станува збор за склучен договор помеѓу двете земји за ратификација, односно т.н. "Протокол за воспоставување на дипломатски односи на Република Македонија и Република Турција", склучен во Лондон, на 26. август 1992 година. Дополнително, овој протокол е надограден со „Протокол за соработка во областа на безбедноста меѓу МВР на Република Македонија и МВР на Република Турција", склучен на 19. мај 1992 година а стапува во сила од 10 февруари 1992 година.

Како надополна, следните протоколи и спогодби ги надоградуваат и интензивираат односите помеѓу Република Турција и Република Македонија:[57]

- „Протокол за соработка во областа на културата меѓу Република Македонија и Република Турција", склучен во Анкара, на 15. октомври 1993 година;
- „Спогодба помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за туристичка соработка", склучена во Скопје, на 27. октомври 1993 година.
- „Протокол за соработка од областа на образованието меѓу Република Македонија и Република Турција", склучен во Анкара, на 26. јануари 1994 година;
- „Протокол за соработка од областа на спортот меѓу Република Македонија и Република Турцij ", склучен во Анкара, на 26. јануари 1994 година;
- „Спогодба за трговска и економска соработка меѓу Република Македонија и Република Турција", склучен во Анкара, на 17. март 1994 година;

[57] Билатерални односи со Република Турција https://mfa.gov.mk/mk/page/163/bilateralni-odnosi-so-republika-turcija прегледано на 10.04.2022 година

- „Договор за соработка во областа на воената обука помеѓу Владата на Република Македонија и Влдата на Република Турција“, склучен во Скопје на 24. март 1994 година;
- „Протокол за научна, техничка и економска соработка на полето на земјоделството меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција“, склучен во Анкара, на 15 јуни 1994 година;
- „Спогодба за редовен воздушен сообраќај помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција“, склучен во Скопје, на 9. декември 1994 година;
- „Спогодба меѓу Република Македонија и Република Турција за меѓународен патен сообраќај“, склучена во Скопје, на 27. април 1995 година;
- „Договор за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Македонија и Република Турција“, склучен во Скопје, на 14. јули 1995 година;
- „Договор меѓу Република Македонија и Република Турција за поттикнување и заемна заштита на инвестициите“, склучен во Скопје, на 14. јули 1995 година;
- „Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција за взаемна соработка меѓу нивните царински служби“, склучена во Анкара, на 9. мај 1997 година;
- „Спогодба за меѓусебно признавање на свидетелства, дипломи, квалификации, научни степени и звања стекнати во Република Македонија и Република Турција“, склучена во Скопје, на 6. јули 1998 година;
- „Договор за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција“, склучен во Анкара, на 7. септември 1999година;
- „Конзуларна конвенција меѓу Република Македонија и Република Турција“, склучена во Анкара, на 26. март 2002 година;
- „Протокол за соработка меѓу Република Македонија и Република Турција (ТИКА)“, склучена во Анкара, на 15. март 2005 година;
- „Протокол за соработка меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција (за европската интеграција)“, потпишан во Истанбул на 16.11.2012 година;

- „Договор за соработка во областа на трудот, социјалната сигурност и вработувањето меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Турција“, потпишан во Анкара на 05 септември 2013 година;
- „Меморандум за разбирање меѓу Министерството за надворешни работи на Република Македонија и Министерството за надворешни работи на на Република Турција за размена на дипломати“, склучен во Анкара на 1 декември 2015 година;
- „Меморандум за разбирање за соработка на полето на високото образование помеѓу Министерството за образование и наука на Република Македонија и Советот за високо образование на Република Турција“, потпишан во Анкара на 26.09.2016 година и во Скопје на 14.10.2016 година;
- „Меморандум за разбирање меѓу МНР на РМ и МНР на Р.Турција за соработка во областа на информатичките технологии и дипломатските архиви“, потпишан во Анкара на 17.01.2019 година;
- „Протокол за соработка помеѓу државниот архив на Република Северна Македонија и Дирекцијата на државните архиви при прецедателството на Република Турција“.

Република Северна Македонија, во тековното претставување на меѓународната сцена, како поради Ковид-19 пандемијата, така и во однос на моменталниот глобален предизвик со воениот конфликт помеѓу Украина и Русија, се наоѓа во особено тешка позиција во градењето на глобалниот интегритет. Во таа насока, поставениот стратешки однос со Република Турција е особено важен и во иднина да продолжи со истиот и со поголем интензитет.

Сето ова, особено доаѓа до израз при анализа на транс-атлантските односи кон кои чекори Република Северна Македонија, а чиј пат е заеднички и со визијата на Република Турција. Во тој контекст, постојат и одредени промени кои се однесуваат на постоечката геостратешка и геополитичка рамка на Република Северна Македонија, во однос на влијание на Кина и Русија во регионот (економски и социо-културно), односно не само во земјата туку и на Балканот, во насока на што стабилноста во партнерството со Република Турција е особено важно, пред се поради преземањето на идните чекори во овој домен.

Во постоечкиот период на анализа, Република Македонија се соочува со проблем во врска со македонската историја, идентитет и јазик, од страна на Република Бугарија. Всушност, овој билатерален однос помеѓу двете земји го оспорува членството на Република Северна Македонија кон Европската унија, поради ставено вето од страна на Бугарија на 17ти Ноември 2020 година. Имено, Бугарија во преговарачката рамка со Северна Македонија, настојува да вметне три основни услови: (1) придржување кон формулацијата за јазикот од 99-та година, потоа потврдена со Договорот во 2017 година, (2) патоказ за спроведување на Договорот од 2017 година и (3) многу јасен текст дека не да се поддржуваат претензии за македонското малцинство во Бугарија.

Во насока на наведеното, поддршката во меѓународните односи од страна на Турција, претставува стратешко партнерство кое ги надминува економските односи и гради цврсти сојузи.

[redacted] Население

Според последниот, официјален попис во Република Северна Македонија, со добиени резултати на 30ти Март, а реализиран во временскиот период од 5ти до 30ти Септември, 2021 година, добиени се следните резултати, статистички обработени:

- Во земјата живеат 1.836.713 луѓе, од кои 58,44% Македонци, 24,3% Албанци, 3,86% Турци, 2,53% Роми, 0,47% Власи, 1,3% Срби и 0,87% Бошњаци, според податоците од пописот на населението, домаќинствата, домаќинствата и населените места.

Турската демократска партија во Република Северна Македонија, во подолг временски период делува со свое влијание на подготовка на Законот за население во земјата. Во таа насока, во голема мера алудираат на неодобрување на резултатите од последниот попис на население, сметајќи дека истите се објавени со недоследност и носат белези на политичка операција. Имено, интересен е фактот за коментари и покрај зголемувањето на турското население во 31 општина, како и стапка на Турците над 20 % во шест општини и постоењето на раст од 7 % на последниот попис во споредба од оној во 2002 година. Поконкретно, од политиката партија официјално сметаат дека постои премногу разлика помеѓу двата последни пописи. Дополнително, се истакнува дека

приказот за зголемувањето на вкупното турско население во земјата изнесува само 5.484 лица за 19-годишен период. Притоа, објаснувањето е дека врз основа на бројот на родени и умрени во периодот 2010 - 2020 година, порастот во овој период изнесува вкупно 4.307 лица (родени: 9.564, починати: 5.257). Врз основа на овој податок, разликата меѓу бројот на родени и умрени во периодот меѓу 2002 и 2009 година изнесува само 1.177 лица. Значи, според Државниот завод за статистика, во периодот од 2002 до 2009 година станува збор за зголемување на турската популација за само 1.177 лица.“

Во констатацијата се наведува дека врз крајниот податок, особено сомнеж поставува високата бројка од 132.260 лица, чија етничка припадност не е обелоденета. Според тоа, со цел да се обелодени реалната бројка која е потребно да биде и транспарентна, потребно е Државниот завод за статистика во идно време да ги открие и статистичките податоци и за оваа група на население.

Покрај наведените податоци, труската политичка партија алудира и на фактот што од Република Северна Македонија, постојат вкупно 12.482 жители на турската етничка заедница живеат во странство кои исто така е потребно да се земат во предвид.

Како надополна на наведеното, исто така и Движењето за Национално единство на Турците (ТМБХ), не ги прифаќа резултатите од пописот, односно целосно ги отфрла.

5 РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

Во оваа глава ќе бидат искоментирани резултатите од истражувањето. Така следствено би ги издвоила анализата на податоци , евалуацијата на резултатите од квалитативното истражување, резултати и дискусија од истражувањето, потврдувањето на хипотетската рамка и за крај е направена анализа со интерпретација на сите податоци.

Анализа на податоци

Податоците се анализирани преку метод на анализа на содржина. Заклучоците од интервјуата се наведени подолу:

Целите на македонско-турските политички меѓународни односи се следните:

- Подобрување на меѓусебната репутација;
- Одржување на свеста за потреба од регионална взаемна соработка и почитување на различни нивоа;
- Зголемување на инвестициската рамка со цел взаемен напредок на општествата;
- Продолжување на позитивни дипломатски односи на основа на долгата историска рамка на меѓусебно делување;
- Почитување на меѓународното право и меѓународните односи преку пример од својата меѓусебна пракса.

Евалуација на резултатите од квалитативното истражување

Квалитативното истражување како што е најавено и претставено во рамките на оваа глава, всушност се состои од интервјуирање на целната група испитаници – аналитичари, универзитетски професори, дипломати, носители на јавни функции, кои во своето портфолио приложуваат одредена форма на анализа и интерпретација на македонско-турските меѓународни политички односи. Интервјуата се организирани како такви за да содржат водечки прашања, за да можат интервјуираните слободно да ги изразат своите мислења и да споделуваат подлабоки информации. Интервјуата започнаа

со истите прашања и беа водени во насока која може да одговори на целите на истражувањето. Со собраните квалитативни податоци, целите беа целосно опфатени и беше воспоставена здрава основа за изведување на заклучоците од истражувањето.

Анализата на квалитативните податоци се врши преку анализа на содржина и споредбена анализа. Податоците се анализираат со индуктивен пристап. Прегледот на литературата обезбедува доволно голема база на податоци веќе истражувани од авторите на терен, што овозможува дисертацијата да ги опише наодите на индуктивен начин. Податоците што беа обезбедени со прегледот на литературата не беа цврсти основи за изградба на теорија која се зема здраво за готово за објаснување на феноменологијата на македонско-турските политички односи. Затоа, се користи индуктивниот пристап, во смисла што може да се надоврзе на специфична теорија во однос капацитетите за македонско-турските односи и да ги подобри аспектите на реалноста врз основа на направената истражувачка студија.

Резултатите од истражувањето ќе се користат за развој на хипотетички и универзални објаснувања за да се одговори на феноменот поставување на цврсти односи помеѓу држави кои потекнуваат од заедничка историја и имаат за цел меѓусебно подобрување на функционирањето на нивните општества. Според основните постулации на анализата на содржината, опишани во оваа глава, се дадени следните информации во врска со квалитативното истражување:

Анализираните податоци се податоците собрани од квалитативното истражување, собрани со помош на индивидуални интервјуа.

- Собраните податоци се опишани во наративна форма;
- Населението од каде се црпат податоците се педесетте интервјуирани лица – жители на Република Северна Македонија, од различна етничка припадност;
- Релативниот контекст за анализа на податоците е дефиниран во оваа глава од магистерскиот труд, на независна основа од целите на истражувањето и истражувачките хипотези. Имено, контекстот до кој се анализираат податоците се обидува да даде значајни заклучоци за зајакнување на македонско-турските политички односи;

- Границите на анализата се поставени на достапноста на информациите што треба да ги споделат поединците со интервјуерот. Во одредени временски периоди, податоците не беа споделени, експлицитно негирани од интервјуираните за образложението на нивната чувствителност.
- Целта на заклучоците е да се одговори на целите поставени во магистерскиот труд, во однос на квалитативното истражување и да се изведе здрав заклучок врз кој ќе се развијат резултатите од истражувањето.

Во истражувањето се опфатени педесет лица кои се со целосни комептенции за да можат да учествуваат во поставената истражувачка рамка. За да се избегне пристрасност и да се овозможи максимална тајност за интервјуираните, нема да има посочено име и презиме на испитаниците (освен во дадени случаи на дозвола за истото). Сите интервјуа се детално опишани во нивните одговори. Целта на користењето на овие информации е подобро да се развие компаративната анализа на квалитативното истражување.

[redacted]Резултати и дискусија од истражувањето

Целта на емпириското истражување е да се развие теза која ќе даде проникливи заклучоци за меѓународните политички односи помеѓу Република Турција и Република Северна Македонија. Имено, севкупно, применетата емпириска рамка, односно истражувачкиот капацитет, имаште за цел да посочи кои се постоечките позитивни капацитети како и реални можности за подобрување на односите помеѓу Турција и Северна Македонија, на основа на поставените меѓусебни односи, кои имаат богата традиција и историја. Исто така, од особена важност е да се увиди причинско-последничниот однос во рамки на оваа соработка. Дополнително, истражувачката студија ги истражува и постоечките перцепции и проекции на влијание на историската рамка помеѓу овие две земји, од современи аспекти и услови. Сето тоа, во голема рамка дава можност за поставување на препораки и значајни заклучоци за проширување на можностите за соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Турција.

Во однос на демографските податоци во рамките на ова истражување добиени се следните податоци на групата на испитаници (изразено во проценти %):

1) **Пол**

машки	женски
54	46

2) **Возраст**

од 18-29 год.	од 30-49 год.	50 год. и повеќе
2	37	61

3) **Етничка припадност**

Македонец	Албанец	Турчин	Ром	Друго
45	28	12	4	11

4) **Професија**

Дипломат	Јавен функционер	Универзитетски професор/експерт
24	44	32

5) **Вкупен работен стаж**

до 5 години	од 5-10 години	од 11-20 години	над 20 години
/	9	39	52

Истражувањето е извршено на целна група на територијата на Република Северна македонија, односно не е земено испитување на испитаници само од одреден регион.

Хипотетската рамка која се анализира во овој труд е следната :

1. Меѓународните односи на Република Турција и Република Северна Македонија зависат од нејзиниот историски развој.
2. Меѓународните односи на Република Турција и Република Северна Македонија зависат од државите со кои има меѓусебен однос.
3. Меѓународните односи на Република Турција и Република Северна Македонија зависат од нивната геополитика.
4. Меѓународните односи на Република Турција и Република Северна Македонија зависат од земјите во кои има нејзини сонародници.
5. Меѓународните односи на Република Турција и Република Северна Македонија зависат од меѓународното право и меѓународните институции.

Анализа и интерпретација на податоци

Истражувањето ги оствари следните резултати:

1. На прашањето: *"Какви се односите во последните години помеѓу Република Северна Македонија со Република Турција?"* врз основа на сублимирање на ставовите на соговорниците, врз основа на ставот кој натежнува, од страна на соговорниците добиени се следните коментари:

- Во однос на временската рамка на односи помеѓу двете земји, која има и своја историска позадина од подолг период, што, пак, од друга страна има особен удел во сегашната перспектива на овие односи, од страна на испитаниците преовладуваат одговори дека постои, во континуитет подобрување на поставените односи.

Реално искуство на испитаниците:

- *"Срдечни и пријателски односи..";*
- *"Можности за нови перспективи со геополитичкото прекројување.."*
- *"Не постои можност за негативни перспективи поради долгата историска рамка на соработка..."*
- *"Постојат заеднички перспективи кои ја надминуваат рамката на соработка само со Северна Македонија, овде е инволвиран и целиот Балкан..."*
- *"Турското малцинство и големиот број на инвестиции од Турција во Северна Македонија не дозволуваат негативен третман на меѓусебниот однос..."*

- Во рамките на истражувањето преовладуваат три доминантни гледишта кои што овозможуваат креирање на односите помеѓу Северна Македонија и Турција, од современа перспектива:

1) Економски односи: помеѓу испитаниците преовладува ставот на се поголемиот подем на турски инвестиции во македонското општество, на основа на што постои, во голема мера, модернизирање на истото. Дополнително, се посочува на факто дека севкупната соработка од овој домен, е широко прифатена од страна на јавноста која што нема негативен став кон турското инвестирање во земјата. Дел од испитаниците ја истакнуваат и релевантноста на турско-македонските бизнис форуми кои со голем интензитет се одржуваа во изминатите години, така што ; исто така, постои истакнување на фактот дека современата перспектива на односи помеѓу Турција и Северна Македонија, од економски аспект, создаде нови видици за севкупната индустрија и начинот на функционирање со што Северна Македонија би можела да постане лидер во регионот по однос на поттикнување на позитивни економски практики ни притоа успешно менаџирање на истите;

2) Политички односи: помеѓу испитаниците провладува ставот дека низ годините, постои се поголем интензитет на остварување на официјална билатерална соработка на државно ниво, помеѓу двете земји. Токму тој формален однос на делување во голема мера влијае на започнување на соработка помеѓу двете земји во се поголем број на сектори; Како особено важни и влијателни, неколку од испитаниците ги истакнуваат новите соработки помеѓу двете општества кои се однесуваат на области како што се информатичките технологии и дигитализацијата, како и слободната трговија, со што, всушност, се обезбеди, според испитаниците, во последните две години, значителен пораст на економските придобивки за македонското општество во однос на соработката со Турција, преку увоз и извоз на различни добра (со удвојување на економските добивки).

3) Социо-културни и образовни односи: според испитаниците, последната декада е целосно посветена на инвестирање на социо-културните и образовни односи помеѓу Северна Македонија и Турција. Поголем дел од испитаниците ги истакнуваат инвестициите кои се поврзани со турските универзитети во земјата, како и средните училишта, а кои во најголема мера функционираат на основа на доделување на меѓународни стипендии, на начин на кој се овозможува бенефит не само за македонските студенти туку и интегрирање на целиот регион во македонското општество, со што всушност се подобрени и перспективите на земјата во овој домен. Исто така, испитаниците ја истакнуваат и улогата на културните центри и нивното позитивно влијание во општествени рамки, за подобро разбирање на турската култура за македонскиот народ но и сите етнички заедници во земјата, што овозможува само позитивно продолжување на поставените историски односи на соработка; дел од испитаниците ја истакнаа улогата на Агенцијата ТИКА, која со својата инволвираност, во голема мера влијае на подобрено функционирање на македонското општество, преку финансирање на проекти од различен домен, а со тоа зајакнување на лидерските потенцијали во различни целни групи.

2. На прашањето: *"Какви се Меѓународните односи на Република Турција на Балканот?"* врз основа на сублимирање на ставовите на соговорниците, врз основа на ставот кој натежнува, од страна на соговорниците добиени се следните коментари:

- Во најголем дел на одговорите на испитаниците се увидува дека проекциите на Турција кон Балканот се позитивни, односно станува збор за лидер од повеќе аспекти: политички, економски и образовно-културни. Турција нема поставено негативен однос кон земјите на Балканот или пак доколку се создале услови за истиот, во современа рамка на делување, се обидува истото да го исправи преку меѓусебна поддршка, како и стратешка рамка на односи кои обезбедуваат позитивни врски (како на пример случајот помеѓу Турција и Србија).

  Реално искуство на испитаниците:

  - *"Евидентна е позицијата на Турција за продор кон Балканот за бизнис и политичко влијание..";*
  - *"Економиите се комплементарни, има голема оправданост на интересот на Турција како моќна, глобална сила, кон Балканот.."*
  - *"Турција секогаш бара нови пазари бидејќи домашната побарувачка е помала, Балканот е одлична приказна за тоа.. интересот е взаемен..."*
  - *"За Турција е важно да го задржи трендот на зголемен извор на Балканот..."*
  - *"Турција вложува во задржување на исламското наследство на Балканот со цел да се задржи и влијанието на истиот..."*

- Во рамките на истражувањето преовладуваат три доминантни гледишта кои што овозможуваат анализа на влијанието на Турција кон Балканот:

  1) Градење на заеднички капацитети: Поддршката на Балканот од Турција е несомнено потреба. Според поголем дел од испитаниците, Турција е глобална сила која што има поставено уште во минатото добри релации со Балканот кои од денешна перспектива е потребно особено да се одржат. Според испитаниците, на Балканот му е потребен стабилен

сојузник, кој ќе придонесе за подобрување на постоечката инфраструктура, но и севкупно на економско-политичката состојба.

2) Културна димензија: Влијанието на Турција кон Балканот, во голема мера е преку преовладување на културната димензија, и истото се случува без евидентен притисок. Турција ги користи веќе воспоставените релации на Балканот, кои всушност функционираат преку голем број на поставени културни центри но и фондации кои се директно инволвирано во општествениот живот и притоа влијаат на повеќе целни групи како и во различни сектори. Тоа создава позитивна слика и перцепција кај јавноста што влијае на подобро прифаќање и на стратешката политика на Турција кон Балканот.

3) Геополитичка перспектива: Турција е членка на НАТО, со што во одреден домен создава посилна слика во врска со намерите и претензиите на Турција, следејќи ја песпективата како и на Балканот. Надополнето на тоа, испитаниците сметаат дека и тоа што Турција е сеуште заинтересирана за членството во Европската унија, се создава дополнително позитивен удел во севкупната приказна за влијание на Турција на Балканот, бидејќи се следи моделот на евро-атлантски интеграции. Од несомнена важност за Балканот е тоа што Турција претставува и воена сила која може позитивно да влијае во однос на заштита на интегритетот на балканските земји. Како надополна, дел од испитаниците посочуваат дека Турција во изминатиот период работеше на подобрување на односите со Србија, кои беа нарушени особено откако Турција со свои авиони учествуваше во НАТО активностите и бомбандирање на Србија. Турција е на стратешка позиција, помеѓу два континенти, а во клучни услови како што е тековната војна со Украина, несомнено ја зајакнува својата позиција како медијатор, што позитивно влијае и на целиот Балкан, во однос на постоечките перцепции кон земјата.

3. На прашањето: *“Каде се наоѓа Турција со својата геополитика?“* врз основа на сублимирање на ставовите на соговорниците, врз основа на ставот кој натежнува, од страна на соговорниците добиени се следните коментари:

- Во најголем дел од испитаниците, се посочува доминантната улога на Турција, геополитички и геостратешки во светски рамки. Сето тоа е особено евидентно и за време на кризата на изразен воен конфликт помеѓу Русија и Украина каде што Турција започнува да игра улога и на посредник во овие односи, што е реткост помеѓу земјите на светско ниво. Испитаниците, ја истакнуваат особено важната улога на Турција за време на мигрантската криза, посочувајќи ја лидерската улога на Турција која има заштитено милиони сириски бегалци на нејзината територија. Дополнително, испитаниците истакнуваат дека Турција постанува несомнено незаменлив партнер на Европа, економски, но и од безбеден аспект.

  Реално искуство на испитаниците:

  - *“Турција контролира теснец кој се наоѓа помеѓу два континенти...“;*
  - *“Турција започнува да промовира политика дека проблемите е потребно да се решаваат со дијалог и дипломатија..“*
  - *“Турција има голема улога во борбата против тероризмот...“*
  - *“Турција игра важна улога во мигрантската криза, таа е домаќин на преку 3 милиони бегалци...“*
  - *“Турција започнува да има голема геостратешка улога и во рамки на областа на енергија и енергетска криза...“*

- Во рамките на истражувањето преовладуваат три доминантни гледишта кои што овозможуваат приказ на геостратешките позиционирања и аспирации на Турција во светски рамки:

  1) Проекции во односите со САД: Турција, во својот фокус има развивање на конзистентна стратегија за зајакнување на нејзината геоекономска положба и нејзината улога на меѓународната сцена, искористувајќи ги предностите на нејзините специфични, силни страни. Односите помеѓу

САД и Турција, започнуваат да развиваат заедничка почит и интерес. Сепак, потребен е фокус на заеднички прашања, а тоа особено се однесува во домен на енергетската безбедност, одбранбената соработка, како и билатералните политички и економски односи. Според испитаниците, постои длабоко вкоренетата историја на турско-американските односи, а сето тоа е дополнително зајакнато по членството на Турција во НАТО по Втората светска војна. Особен потенцијал имаат економските односи, со можност да достигнат до 100 милијарди долари. Дополнително, според испитаниците важно е да се посочи односот на соработка на САД и Турција за голем број на отворени прашања, како што е ситуацијата во Сирија, Либија, Источен Медитеран, Кипар, Авганистан..

2) Однос кон Европа: Турција, геостратешки постанува особено важна земја со 72% од докажаните светски резерви на нафта и гас. Неспорно е дека таа проактивно презеде улога на голем енергетски центар, делувајќи како мост меѓу најголемите светски производители на енергија и потрошувачи на енергија. Земјата веќе е значаен излез за касписката и ирачката нафта. Два гасоводи од Баку и Киркук моментално го снабдуваат медитеранскиот терминал Џејхан со 1,3 милиони барели дневно. Токму оваа слика за Турција игра голем удел во нејзиниот однос кон Европа. Дополнително, тоа што има влијателна воена опрема и војска и е дел од НАТО сојузот, стратешки влијае на се повеќе зацврстување на односите помеѓу Турција и Европа.

3) Медијаторска улога при конфликт со Украина: број на експерти и аналитичари предвидуваат дека конфликтот меѓу Украина и Русија ќе ги зближи Турција и Германија, како и тоа дека Турција ќе стане клучна енергетска земја. Дополнително, еден дел од испитаниците сметаат дека Турција може да игра многу важна улога во снабдувањето со нафта и гас во Европа. Турција, како членка на НАТО, недвосмислено застана на страната на Украина, а сепак, во

исто време, Турција одржува блиски односи со Русија, што дава уникатна димензија на функционирањето на оваа земја во меѓународни рамки. Доколку се анализира овој однос од геостратешки аспект, во тој случај, оваа позиција на Турција е особено интересна за Германија, во однос на енергетската политика. Имено, желбата на земјата да стане независна од рускиот гас може на долг рок да го поттикне развојот на јужниот гасен коридор и употребата на Турција како дистрибутивен центар за да обезбеди пристап до природен гас во Каспиското Море и Источниот Медитеран.

4. На прашањето: *"Какво е вашето мислење за Европската унија како сојуз?"* врз основа на сублимирање на ставовите на соговорниците, врз основа на ставот кој натежнува, од страна на соговорниците добиени се следните коментари:

- Според ставот на испитаниците, Европската унија како сојуз е во фаза на реструктуирање, редимензионирање, се со цел да може да опстои на долгорочна основа, што пак е од особена важност за Европа (со истакнување на дел од испитаниците дека сето тоа е особено круцијално во услови на изразениот и тековен воен конфликт помеѓу Украина и Русија). Она што е важно е во следен период, Европската унија да се обиде да ја зајакне својата воена инфраструктура и севкупно столбот за безбедност и одбрана, на основа на што се повеќе е зависна од НАТО. Според испитаниците, на овој начин, Европа како континент ќе биде посамостоен и побезбеден да се грижи за своето население.

Реално искуство на испитаниците:

- *"Европската унија има потреба да се реорганизира во своите внатрешни рамки, особено од воено-безбедносен аспект";*
- *"Транс-атлантските односи има потреба да се ревидираат на основа на новонастанатите состојби во глобалната, светска политика"*
- *"Европската унија мора да отвори повеќе кон земјите од Западен Балкан со цел да не се дочекаат несакани сценарија"*
- *"Унијата во своите рамки е потребно да се отвори и кон нови сојузништва"*

- *“Европската унија е потребно да се потруди да го врати својот примат на лидерство, бидејќи би можело да биде предоцна“*

- Во рамките на истражувањето преовладуваат три доминантни гледишта кои што овозможуваат приказ:

1) Безбедносно зајакнување на Европската Унија: својата заедничка безбедносна и одбранбена стратегија, Европската унија низ годините ја редефинира, сепак во најголем процент, и покрај тоа што се истакнува како економска сила, всушност зависи од НАТО воената структура. Тоа е особено евидентно со изразениот воен конфликт помеѓу Украина и Русија, што на еден начин ги поттикна земјите-членки на Унијата да започнат со подобрување на своите воени капацитети, што е потребно поскоро да се преслика и во заедничката одбранбена и воена стратегија на Унијата.

2) Постанување лидер на Балканот: најголем дел од испитаниците се согласуваат дека Европската унија долго време не презема посериозни иницијативи кога станува збор за интегрирање на Западен Балкан во нејзини рамки. Сепак, според испитаниците, тоа може да биде “замка“ која на долг рок може да влијае во промена на геостратешката состојба во Европа, доколу се појават нови можни сценарија на влијание, особено Русија и Кина. Во тој аспект, веќе постојат низа на можности и капацитети кои што овие две земји ги нудат во Западен Балкан. Како надополна, Кина влијае со свои економски влијанија и културни влијанија, додека пак Русија делува според основи на зедничка култура и разбирање.

3) Транс-атлантски односи: според испитаниците, со кризата во Украина и започаниот воен конфликт помеѓу Украина и Русија, доаѓа до особено зајакнување на транс-атлантските односи, што може да создаде и нови проекции за меѓусебното лидерство. Сепак, повеќе не може да се говори

за изолиран однос, бидејќи во предвид ќе се земат низа на нови сојузи на кои е потребно подеднакво да се обрне внимание. Според испитаниците, новата димензија на транс-атлантски односи ќе мора да вклучи поинтензивна соработка со Западен Балкан но и со Турција, бидејќи само на таков начин може да се зачува позитивна геостратешка рамка во справувањето со пројавените светски предизвици.

5. На прашањето: *"Дали Турција се сложува со промената на името Македонија во Северна?"* врз основа на сублимирање на ставовите на соговорниците, врз основа на ставот кој натежнува, од страна на соговорниците добиени се следните коментари:

- Според ставот на испитаниците, преовладува мислењето на севкупна поддршка на Северна Македонија од страна на Турција, низ целиот процес на патот кон членство во Европската унија, како и на патот на членство кон НАТО. Всушност Турција е помеѓу првите земји кои ја признаа Република Македонија со нејзиното уставно име. Станува збор за особено изразена добрососедска политика, така што од страната на Турција секогаш имало поддршка за непромена на името, како знак на меѓусебна почит и соработка. Испитаниците сметаат дека Турција ќе продолжи со поддршката на земјата, без оглед на промена на името, разбирајќи дека тој факт е потребен за продолжување на евро-интеграциите на земјата.

  Реално искуство на испитаниците:

  - *"Помеѓу двете земји владеат добрососедски односи";*
  - *"Името на земјата никогаш не било проблем за Турција. Турција го призна уставното име Македонија помеѓу првите земји"*
  - *"Постои разбирање за потребата на промена на името во "Северна" но и изразена поддршка за да не се стори тоа"*
  - *"Станува збор за пропуштена прилика на поцврсто сојузништво.."*
  - *"Меѓународно, постои свесност за потребата од промена на името во "Северна", според со Грција е меѓународно познат."*

- Во рамките на истражувањето преовладуваат три доминантни гледишта кои што овозможуваат приказ:

    1) Уставното име на земјата е признато: Постојат долгогодишни врски на пријателство и почит помеѓу Северна Македонија и Турција. Турција е првата земја која ја призна Македонија под уставно име. Ставот на Турција е дека името една земја си го определува сама, при што е многу погрешно друга земја да одреди име за некоја земја.

    2) Сојузништво од историски размери: неспорна е историската врска помеѓу Северна Македонија и Турција. Овие општества се поврзани од повеќе размери, економски, социјално, културно, и сето тоа повлекува гаранции за поддршка на една политика наспроти друга политика. Според испитаниците, токму историската перспектива е клучна и за геостратешкото партнерство и сојузништво кое што постои помеѓу двете земји, што всушност алудира на тоа што постои долгорочна поддршка на Турција кон Македонија за непромена на името, на што се должи и неподдршка на промена во „Северна“. Сепак, партнерскиот однос подразбира да се продолжи напред со меѓусебна почит и разбирање, како и прифаќање на донесените одлуки.

    3) Потреба од нови проекции: според испитаниците, новите проекции алудираат на нови можни сојузништва, кои што особено произлегуваат откако Македонија го промени своето име во „Северна Македонија“, како за надворешна така и за внатрешна употреба. Дополнително, Северна Македонија влезе во НАТО, но се појави нов проблем со Република Бугарија, за кој проблем е потребно особено влијание на сите сојузници на земјата, со цел истиот да не ја блокира долгорочно од евро-

интегративните процеси, на сметка на потреба од негирање на македонскиот идентитет, јазик и култура. Според испитаниците, Бугарија низ годините делуваше на зајакнување на македонската државност. Бугарија за призна помеѓу првите држави Македонија под нејзиното уставно име. Поради тоа, овој однос е целосно нетипичен и зависи од дополнителни геополитички и геостратешки прекројувања кои се случуваат во глобални рамки.

6. На прашањето: *"Кој е вашиот став во однос на тоа дали е возможна Балканска Фереращија на земјите од Западен Балкан?"* врз основа на сублимирање на ставовите на соговорниците, врз основа на ставот кој натежнува, од страна на соговорниците добиени се следните коментари:

- Според ставот на испитаниците, станува збор за проект кој низ историјата бил претставен на балканските земји. Сепак, преовладува фактот кој посочува дека Балканот е вклучен во тешка, болна транзиција на различни локации. Станува збор за отворено прашање, кое во голема мера зависи од моменталните, тековни случувања и патот на прогрес кој ќе надвладее во светски рамки.

  Реално искуство на испитаниците:

  - *"Постои опција за ваков сојуз..";*
  - *"Ваков сојиз зависи од случувањата во следен период во геополитички рамки."*
  - *„Проекцијата е повеќе теза од економска гледна точка.."*
  - *"Колку постои подобра синергија помеѓу балканските земји, толлку подобро."*
  - *"Историјата повторно се враќа на овие простори.."*
  - *"Новите процекции за светската политика нудат нови решенија."*

- Во рамките на истражувањето преовладуваат три доминантни гледишта кои што овозможуваат приказ:

    1) Историски проект: Идејата за Балкански сојуз е од минат период, така што само се обезбедува актуелизирање на истата. Постојат високо изразени несогласувања помеѓу соседите и нивното прекројување, така што постои тешкотија од поставување на издржана анализа од овој домен. Сепак, истата не е исклучена.

    2) Можни алтернативи: Балканот стои на ставот за евро-интегрирање, сепак оваа идеја постанува, во одредена форма, утопија, бидејќи е недогледна. Ова особено се однесува на Северна Македонија. Секој вид на ново-формиран сојуз е како резултат на потешкоти во тековното функционирање, така што сето ова е потребно да го земе во предвид Европската унија, во однос на својот став кон Балканот.

    3) Идни проекции: Концептот за идни проекции ги отвора сите можности кои би помогнале земјите на Балканот да го задржат својот индентитет, својата посебност и својата визија за подобра иднина. Во овој контекст, поддршката на Турција е особено важна поради минатото од културен и историски аспект кое го има со овој регион.

Квалитативното емпириско истражување кое е применето во овој магистерски труд е надополнето со интервјуа од страна на истакнат дипломат, функционер, експерт во своето поле на делување. На основа на прашањата кои што се приоритетни за поставување на квалитативна истражувачка рамка, поставена е проекција за минатите, сегашни и идни случувања од страна на Срѓан Керим.

Срѓан Керим е македонски политичар, поранешен амбасадор, министер и Претседател на 62-то заседание на Генералното собрание на Обединетите Нации од 18 септември 2007 до 16 септември 2008. Првата должност на Керим, поврзана со мултилатералната дипломатија била како Советник на Претседателот на шестата сесија на

Конференцијата на Обединетите Нации на тема Трговија и Развој (UNCTAD VI), одржана во Белград 1983 г. Понатаму, од 1988 до 1991, бил Заменик Министер и портпарол на Федералното Министерство за надворешни работи на Федеративна Република Југославија, задолжен за мултилатерални односи (вклучувајќи го учеството во активности на ОН, Г-77 како и Движењето на неврзаните земји). Во 1990 бил дел од тимот одговорен за подготовка и учество на првата ОБСЕ конференција за економска соработка одржана во Бон. Тој учествувал и во преговорите со ЕУ (тогашна ЕК) во Договорот за Соработка помеѓу Југославија и Европа (1989 – 1991). За време на неговиот мандат како амбасадор во Германија тој исто така служел како Специјален Претставник на Пактот за стабилност за Југоисточна Европа (1999-2000). Од 2000 до 2001 годинам Д-р Керим бил Министер за надворешни работи во Владата на Република Македонија, во чиј мандат исто така бил и претседавач со Југоисточно Европска Инцијатива за Соработка (2000-2001). Во овој период Република Македонија го потпишува Договорот за стабилизација и асоцијација со ЕУ. Потоа бил назначен за Амбасадор и Постојан Претставник на Република Македонија во Обединетите Нации во Њујорк (2001-2003). На 24 мај 2007, тој е избран за претседател на 62-то Заседание на Генералното собрание на ОН со мандат од 1 година. Приоритети на ова заседание на Генералното Собрание на ОН биле: Справување со климатските промени, Финансирање на развојот, Имплементација на глобалната стратегија за контра-тероризам, Спроведување реформи во ОН и Продолжување на мерките за постигнување на Милениумските развојни цели.

Според Срѓан Керим, се дава следната проекција која што се однесува на сублимат на постоечките прашања применети во емпириската квалитативна анализа:

1. Какви се односите во последните години помеѓу Република Северна Македонија со Република Турција?
2. Какви се Меѓународните односи на Република Турција на Балканот?
3. Каде се наоѓа Турција со својата геополитика?
4. Какво е вашето мислење за Европската унија како сојуз?
5. Дали Турција се сложува со промената на името Македонија во Северна?

6. Кој е вашиот став во однос на тоа дали е возможна Балканска Ферерација на земјите од Западен Балкан?

Интервјуто со Срѓан Керим е спроведено 28.03.2022 и е целосно авторизирано за јавна употреба и надополна на суштината на овој магистерски труд:

- Турција ја призна Македонија меѓу првите земји што само по себе кажува дека ја смета за приоритет во својата надворешна политика. Тоа се должи на повеќе фактори. Географската блискост. Историското минато. Турското население во Македонија. А исто така и Турците кои што се иселени од Македонија во Турција. Конечно, Турција безбедноста на Балканот ја смета за свој национален интерес. Економските и политичките односи на двете земји се движат по нагорна линија и тоа е обостран интерес. Нема практично никакви билатерални проблеми, што е права реткост меѓу балканските држави.
- Турција е најголемата земја на Балканот, но и најмоќна, економски и воено. Нејзиното присуство е видливо и има влијание од Босна и Херцеговина до Грција. Иако во билатералните односи со Грција има сериозни осцилации, особено поради состојбите во Кипар, Турција со сите други земји на Балканот одржува стабилни односи. Членството во НАТО е многу важен фактор во таа смисла.
- Долгогодишното одолговлегување на членството на Турција во Европската Унија е секако најсериозниот предзвик на геополитички план. И за двете страни штетен. Економски и политички. Турција како последица на тој застој во односите со ЕУ се повеќе се профилира како самостоен регионален фактор. И тоа не само на Балканот туку и на Блискиот Исток. На тој начин сака да постигне свое специфично позиционирање на геополитички план. Што е видливо и на примерот на војната во Украина.
- Турција никогаш немала проблем со името на Македонија. Напротив, доследно и постојано го застапувала ставот дека нема потреба за промена на името. Тоа е израз на добрососедската политика на Турција кон Македонија.

- Турција е позитивно расположена кон евроатлантската ориентација на балканските земји. Ја подржува активно и се разбира настојува да го задржи и одржи своето влијание во овој регион. Европа е не само географски блиска туку и политички приоритет на Турција. Не треба да се заборави дека милиони Турци живеат во голем број европски земји.

* * *

На основа на наведеното, се тежнее кон анализа и интерпретација на поставените хипотези, со цел истите да бидат прифатени или отфрлени. Според сите изнесени податоци во рамките на теоретскиот и емпириските дел на овој труд, како и примената на секундарни податоци, се обезбедува правилна проценка за прифаќање на поставените тези на овој труд, односно:

1. Меѓународните односи на Република Турција и Република Северна Македонија зависат од нејзиниот историски развој, се потврдува .
2. Меѓународните односи на Република Турција и Република Северна Македонија зависат од државите со кои има меѓусебен однос,се потврдува.
3. Меѓународните односи на Република Турција и Република Северна Македонија зависат од нивната геополитика, се потврдува.
4. Меѓународните односи на Република Турција и Република Северна Македонија зависат од земјите во кои има нејзини сонародници, се потврдува.
5. Меѓународните односи на Република Турција и Република Северна Македонија зависат од меѓународното право, меѓународните институции, се потврдува.

6 ЗАКЛУЧОК

Соработката помеѓу турското и македонското општество е во постојан пораст. Во изминатата декада, особено може да се говори за продлабочување на економската соработка, како и трговска размена. Турските инвестиции се од неспорна важност за квалитетот на функционирање на македонското општество во повеќе сектори, на основа на што државата постојано работи за подобрување на планот за економски раст со нови поволности за поддршка на инвестициите, особено во делот на капацитетите од обновливите извори во енергетиката, за што веќе постои голем интерес од компаниите од оваа дејност во Турција. Тоа претствува нова отскочна даска за влијанието на Турција не само во Северна Македонија туку и на Балканот.

Република Турција е земја која поддршката кон Република Северна Македонија ја покажува неспорно во континуитет долг период, од осамостојувањето на земјата. Имено, Турција е помеѓу првите земји кои ја признаа уставотворноста на земјата. Сето тоа се должи и на долгата историја на односи кои се поставени помеѓу овие две земји, како и на основа на надополнување на влијанието на Турција на Балканот, каде што Република Северна Македонија игра геостратешка позиција.

Покрај постојано унапредување на поставените политички односи кои нудат меѓународна перспектива на соработката, овие две земји негуваат и економски и социо-културни односи. Кога станува збор за економските односи, од година во година се повеќе се зголемува стапката на увоз и извоз помеѓу двете земји; од друга страна расте и бројот на капитални инвестиции кои повеќестрано влијаат на растот и развојот на македонското општество.

Она што на широка основа се истакнува во рамките на овој труд е севкупното позиционирање на Турција како економска и воена сила на Балканот но и пошироко. Оваа позиција на Турција особено доаѓа до израз преку нејзино инволвирање како медијатор во разрешувањето на воениот конфликт помеѓу Русија и Украина. Неретко оваа листа на влијание се надополнува и со истакнување на една од лидерските позиции на Турција, особено за време на мигрантската криза, бидејќи на нејзиниот простор живеат околу 3 милиони бегалци.

Во рамките на овој труд, покрај теоретската рамка, применето е и емпириско квалитативно истражување, во насока на тоа да се себерат, релевантни квалитативни податоци. Исто така, трудот обработува и секундарни податоци, од кој преку приказ со употреба на метод на компарација, спецификација и генерализација, се увидува директната врска на односите помеѓу Република Турцијаи Северна Македонија, од политички, економски и социо-културен карактер.

Во однос на спроведеното емпириско истражување, истото е имплементирано преку дистрибуција на прашалник за интервју, со прашања од отворен карактер, во комбинација со прашања за добивање на слика за демографската структура. Станува збор за репрезентативен примерок од вкупно 50 испитаници, (експерти, дипломати, универзитетски професори, јавни функционери), со цел да се увиди нивниот став во врска со посочената проблематика, односно разбирањето на меѓународните политички односи и ниво на стекната соработка помеѓу Република Турција и Република Северна Македонија. Всушност, преку приказ на емпириска рамка, трудот добива тежина на научно дело од кое може да се извлечат реални заклучоци и препораки за унапредување на меѓународните политички односи помеѓу Република Северна Македонија и Турција.

Емппириската рамка, дава одговор на следните прашања: (1) Какви се односите во последните години помеѓу Република Северна Македонија со Република Турција?; (2) Какви се Меѓународните односи на Република Турција на Балканот?; (3) Каде се наоѓа Турција со својата геополитика?; (4) Какво е вашето мислење за Европската унија како сојуз?; (5) Дали Турција се сложува со промената на името Македонија во Северна?; Кој е вашиот став во однос на тоа дали е возможна Балканска Ферерација на земјите од Западен Балкан?

На основа на извлечените констатации во врска со спроведената теоретска и емпириска рамка на овој труд, можат да се согледаат следните препораки за подобрување на понатамошното функционирање на турско-македонските односи. Следствено:

- Се поголемиот подем на турски инвестиции во Северна Македонија, овозможува модернизирање на општеството од секој аспект;

- Потребно е да се продолжи со организирање на македонско—турските бизнис форуми, бидејќи на тој начин се создаваат повеќе можности за реална и видлива соработка помеѓу општествата;
- Покрај економски, постојат и културни и образовни соработки помеѓу македонското и турското општество, што се од голем бенефит, не само за македонското население туку и за регионот, поради пристапот и отвореноста на соработка.
- Постојат голем број на фондации кои што преку својата инволвираност влијаат кон подобрување на квалитетот на живот на повеќе целни групи во македонското општество, преку финансирање на различни проекти, настани и делување на организации во различен домен.
- Турција на Балканот е доживеана како глобална сила, економски и воедно, која е моќен сојузник на овие држави, а пред се и со директно влијание на подобрување на постоечката инфраструктура, како и економско-политичка состојба.
- Тековно, Турција се наоѓа во стратешка позиција, помеѓу два континенти, а исто така се истакнува и како лидер во односите кон Украина и Русија, преземајќи медијаторска фунција.
- Турција, во својот фокус има развивање на конзистентна стратегија за зајакнување на нејзината геоекономска положба и нејзината улога на меѓународната сцена, искористувајќи ги предностите на нејзините специфични, силни страни.

Според наведеното, анализираните и интерпретирани хипотези во теоретската и емпириска рамка на овој магистерски труд, се прифатени и потврдени, односно се констатира дека:

- Меѓународните односи на Република Турција и Република Северна Македонија зависат од нејзиниот историски развој.
- Меѓународните односи на Република Турција и Република Северна Македонија зависат од државите со кои има меѓусебен однос.

- Меѓународните односи на Република Турција и Република Северна Македонија зависат од нивната геополитика.
- Меѓународните односи на Република Турција и Република Северна Македонија зависат од земјите во кои има нејзини сонародници.
- Меѓународните односи на Република Турција и Република Северна Македонија зависат од меѓународното право, меѓународните институции.

Според приложените теоретски и практични податоци во рамките на овој магистерски труд, како и нивно сумирање во насока на тоа да се прикажат релевантни искази, се очекува овој труд да прерасне во научно дело кое ќе даде одговори на одредени современи проблематики, креирани во дадена временска и просторна рамка, а пред се на основа на подобрување на начинот на функционирање на две општества, со посебен осврт на македонското и турското општество, преку негување на економските, политичките и социо-културните и образовни односи.

7 ПРИЛОГ

ПРАШАЛНИК
ЗА ИНТЕРВЈУ ЗА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ТЕМА

Почитувани,

Деновиве ја завршувам научно-истражувачката работа за изработката на мојот магистерски труд на тема: *"Меѓународните политички односи на Република Турција и Република Северна Македонија"*

Магистерскиот труд е пријавен на Меѓународен Славјански Универзитет „Гаврило Романович Державин“ – Битола, Правен факултет, насока „Меѓународно право ,право на ЕУ и дипломатија“. Во рамки на истражувањето, опфаќам и разговори/интервјуа со неколку соговорници – дипломати, функционери, експерти, универзитетски професори, кои делуваат на територијата на Република Северна Македонија. Така дојдов и до Вашето име и молба, имајќи ги во вид Вашето искуство, ставови и проценки за темата, да учествувате во интервјуто.

Интервјуто е анонимно, без наведување на името и презимето на соговорникот, текстовите ќе се анализираат квалитативно и ќе се употребат исклучиво во научни цели. Однапред многу Ви благодарам за учеството и за укажаната помош од Ваша страна.

Со почит,

Севим Ајазоска Ергувен

ПОДАТОЦИ ЗА СОГОВОРНИКОТ:

- **Возраст и искуство во струката .....**
- **Пол и етничка припадност .....**
- **Работна позиција .....**

ПРАШАЛНИК:

1. Какви се односите во последните години помеѓу Република Северна Македонија со Република Турција?

2. Какви се Меѓународните односи на Република Турција на Балканот?

3. Каде се наоѓа Турција со својата геополитика?

4. Какво е вашето мислење за Европската унија како сојуз?

5. Дали Турција се сложува со промената на името Македонија во Северна?

6. Кој е вашиот став во однос на тоа дали е возможна Балканска Ферерација на земјите од Западен Балкан?

УШТЕ ЕДНАШ БЛАГОДАРНОСТ ЗА ВАШЕТО УЧЕСТВО!

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Adanır F. (2000)- „İkınci Dünya Savaşı Sonrası Balkan Tarihi yazınında Osmanli Imparatorluğu Toplum ve Bılım
2. Adivar, Halide E., (1955), „ Turkiyede Sark Garp ve Amerikan Tesirleri“, Istanbul,
3. Ağanoglu H Yıldırım,(2008) , „Üskup Kitabı “ Fide Yayınları Istanbul
4. Ahmetbeyoğlu A., (2001) „Avrupa Hun İmparatorluğu“, TTK, Ankara
5. Ates T., (2001), „ Siyasal Tarih“ , Der Yayinlari,
6. Baştav Ş. , (2002) “Avrupa Hunları”, Türkler, I, Yeni Türkiye Yay., Ankara,
7. Baştav Ş. , (2004), „Osmanlı İmparatorluğu’nun Kuruluşu Esnasında Bızans ve Avrupa“, Volume 68, Issue 251,
8. Cag G., (2010), „ 17. Yy Osmanli Hakimiyetinde Manastir“ ,Sakarya Universitesi
9. Castelian G. (1995) „Balkanların Tarihi“ 14 ve 20 yy ONK AJANS Istanbul
10. Castellian G., (1995), „ Histoire des Balkans“, Milliyet Yayinlari 2 baski,
11. Dimovski G. (2000), Bitola vo XIV-XV vek, Zavladuvanye na Bitola od Turcite
12. Engel P., (1994) „Janos Hunyadi and the peace of Szeged“ Acta Orientalia Academiae Sceientarium Hungaricar Vol.47, No.3 Akademiai Kiado
13. Faroqhı S. (2009),Osmanlı Tarıhı nasıl Incelenır , Tarıh vakfi yurt yayınları
14. Gencer Alı İ. , Özel Sabahattın,(2001),, Türk İnklap Tarıhi Der Yayınları“ Istanbul
15. Gjorgiev D. ve Nikolova D., (2008), „Uskup Osmanli Darphanesi“, Makedonya Muzesi Ulusal Tarih Kurumu yayinlari ,
16. Gokce T., (1996), „Makedonyadaki Osmanli Evraki“ T.C Basbakanlik Devlet Arsivleri Genel Mudurlugu Osmanli Arsivi Daire Baskanligi Yayin No:29 Ankara
17. Gökbel A., (2002), „Kıpçaklar /Kumanlar“, Türkler ,II, Yeni Türkiye Yay,Ankara,
18. Hamza Y,(1995) „Младотурската революција во Османлиската Империја“, Логос – А , Скопје
19. Hamzaoglu Y. (2000), „Balkan Turklugu“ Kultur Bakanligi yayinlari, Ankara,
20. Hoca N. , „ Uskup“, (1986), MEB Islam Ansıklopedısı

21. Howorth, Henry H. (1873), „The Avares, or Eastern Huns“, The Journal of the Anthropological Institute of Great Britain and Ireland, Tom. 2,
22. Ibrahimgil Mehmed Z., (2013) , „Evliya Celebi Seyahatnamesinde Ohri Sancagi“, Sanat Tarihi Dergisi, Cilt:22, Sayi1,
23. Inalcik H,(2010), „ Mehmed II“, IA Cilt7, стр. 506-535 ISAM,
24. Jelavic B., (2009), „ Balkan Tarihi 1, 18 ve 19 yy “Ceviren Ihsan Durdu, Gulcin Tunali, Hasim Koc ,
25. Koprulu F., (1959), „Osmanli Devletin Kurulusu“, TTK Yayinlari, Ankara,
26. Laszlo.,(1984), „Tuna Köpruleri“,Çev.Hicran Akın, Ankara,
27. Nesımı Y.,(1996), „Salıh Asımın eserlerında Uskub Tarıh boyunca Balkanlardan Kafkaslara“, Turk Dunyası Semınarı Bıldırıler Istanbul
28. Noel M., (1999), „Bosna'nın Kısa Tarihi“, Çeviren: Aşkım Karadağlı, İstanbul,
29. Nureski D., (2016), „Osmanlidan Gunumuze Mekedonyadaki Turk Kulturu ve Makedonyanin Turk Kultur Tarihindeki Yeri ve Onemi“ TIKA Avrasya Etudleri 50/2016-2
30. Ortaylı İ. (2002),„ Ortodoks Klisesi, Tanzimat Döneminde Balkanlarda Ulusal Kliseler ve Rum Ortodoks Klisesi, Osmanlı İmparatorluğunda Ikstısadı ve Sosyal Değişim, Makaleler, Ankara, Turhan Kitabevi,
31. Ortaylı İ. (2002),„İmparatorlugun En Uzun Yüzyılı“, Istanbul İletişim Yayınları
32. Oztuna Y, (1963), „ Baslangicindan Zamanimiza Kadar Turkiye tarihi “Hayat ,Istanbul
33. Öğudenli Osman G., , (2013), „Selçuklular,1 Büyük Selçuklu Devletı Tarıhı (1040-1157)“, Türkıye Diyanet Vakfı Islam Araştırmaları Merkezi Yayınları ,Istanbul
34. Sancaktar C.,(2011), „ The Ottoman Rule and its political legacy in the Balkans“. Ege Strategic Research Journal, Cilt 2, Sayı 2,
35. Tokay G, (2004),„XIX YüzyılBalkan Kaynakları Üzerıne bır değerlendırme“, Türkıye araştırma literatür dergısi,Cılt 2 Sayı1
36. Turkey Economic Monitor 5: Navigating the Waves,The World Bank,
37. Uzuncarsili Ismail H,(2011), „Osmanli Tarihi“,Turk Tarihi kurumu basimevi Ankara,
38. Yücel Mualla U.(2002), „Balkanlarda Peçenekler“, Türkler,II ,Yeni Türkıye Yay., Ankara,
39. Zekıyev M., (2007),„Türklerin ve Tatarların Kökeni, Selenge Yayınları

40. Абдулах Е., претседател на Претседателството на Турците во странство и сродните заедници (YTB), во неговиот говор на панел дискусијата за надворешната политика на Р.Турција во Балканот
41. Бецети А, Хаџимустафа Шенај(2015),,Унапредување на економската соработка меѓу Р.Македонија и Р.Турција, со посебен осврт на привлекување инвестиции“ МАНУ;
42. Бецети А. (2013)“Потенцијален и посакуван развој на Балканот преку глобална и европска развојна рамка“ Меѓународна научна конференција, МАНУ
43. Малевски Д. (2000),,Меѓународна политика“,Правен Факултет
44. Митревска Ј(2006).,Вовед во дипломатијата ,дипломатскиот протокол и кореспонденција, Меѓународен центар за Славјанска просвета
45. Митревска Ј.(2009),Политикологија ,Меѓународен Славјански институт г. Москва фи

Интернет податоци

- Билатерални односи со Република Турција https://mfa.gov.mk/mk/page/163/bilateralni-odnosi-so-republika-turcija прегледано на 10.04.2022 година

- Cevahir Sky City, ТАВ треба да го преземе управувањето со аеродромите во Македонија, https://www.caa.gov.mk/2010/03/01/%D1 прегледано на 18.04.2022 година

- Историјат на Универзитетот https://www.vizyon.edu.mk/yonetim/universite-tarihcesi/mk прегледано на 13.04.2022 година

- International Balkan University https://www.ibu.edu.mk/ прегледано на 24.04.2022 година

- Компанијата „Сити плаза“ ќе инвестира над 105 милиони евра во развојот на „Рамстор Македонија” https://inovativnost.mk/2021/04/ / прегледано на 21.04.2022 година

- Македонско-турски бизнис форум во Бурса: Македонија вистинска адреса за турските компании https://vlada.mk/node/1715?ln=en-gb прегледано на 20.04.2022 година

- Министерство за надворешни работи на Република Турција, https://www.mfa.gov.tr/default.en.mfa прегледано на 22.04.2022 година

- ТАВ треба да го преземе управувањето со аеродромите во Македонија, https://www.caa.gov.mk/2010/03/01/%D1 прегледано на 18.04.2022 година

- Турскиот културен центар"Јунус Емре" во Македонија ја промовира турската цивилизација, https://www.aa.com.tr/mk/%D0%BA%D1% прегледано на 23.04.2022 година

- Турција е најголем странски инвеститор во Северна Македонија од земјите надвор од ЕУ https://www.aa.com.tr/mk/%D0%B прегледано на 12.04.2022 година

- Турската агенција за соработка и координација –ТИКА дониpаше бесконтактни термометри и дезифициенти за детските градинкиhttps://www.mtsp.gov.mk/covid-19-ns_article-turskata-agencija-za-sorabotka-i-koordinacija-tika-donirashe-beskontaktni-termometri-i-dezificienti.nspx прегледано на 12.04.2022 година

- ТИКА со спроведените 500 проекти во Северна Македонија ја подаде пријателската рака на Турцијаhttps://www.aa.com.tr/mk/%D0%B1%D0%B0%D0%BB%D0%BA%D0%B0%D0%BD/%D1%82%D0%B8%D0%BA%D0%B0-%D1%81%D0%BE прегледано на 15.04.2022 година

- Yahya Kemal College https://www.ykc.edu.mk/ прегледано на 24.04.2022 година

- Започна финалното одбројување до големото отворање на Diamond Mall – новиот трговски центар во строгиот центар на Скопје https://inovativnost.mk/2022/03/30/%D0%B7%D0%B прегледано на 23.04.2022 година